Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Агенција за цивилно воздухопловство
Agjencia e Aviacionit Civil
Бр. Nr. 02-349/2
31-03-2022 год.-viti
Скопје-Shkup



АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО

***РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА***

***АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО***

# *ИЗВЕШТАЈ*

*за реализација на Годишна програма за работа и развој*
*на*
*Агенција за цивилно воздухопловство*
*на Република Северна Македонија за 2021 година*

# ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ДОКУМЕНТОТ

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Извештај за реализација на Годишна програма за работа и развој на Агенција за цивилно воздухопловство на Република Северна Македонија за 2021 година** | | | | | |
| | | | **Врска:** | Член 13, став 6 од Законот за воздухопловство | |
| **Идентификатор на документот** | | | **Важност за:** | 2021/ 2022 | |
| Извештај за реализација на Годишна програмата за работа и развој на Агенција за цивилно воздухопловство за 2021 година | | | **Датум на издавање:** | март, 2022 | |
| **Лице за контакт:** | **д-р Томислав Тунтев** | **тел.** | **02/ 3114 - 046** | **работна позиција** | **Директор** |
| **Статус** | | **Намена** | | | |
| Работен драфт | ☐ | Општа и јавна | ☒ | | |
| Драфт | ☐ | АЦВ интерна | ☐ | | |
| Предлог за издавање | ☐ | Ограничена | ☐ | | |
| Финално издание | ☒ | / | / | | |
| **Документот доставен преку:** | Архива на Собранието на Република Северна Македонија | | | | |
| **Изработил:** | **Директор на Агенција за цивилно воздухопловство,** <br> ____________ <br> **/д - р Томислав Тунтев/** | | | | |



*Годишниот извештај за реализација на Годишната програма за работа и развој на Агенцијата за цивилно воздухопловство на Република Сееверна Македонија за 2021 година е изготвен согласно членот 13 од Законот за воздухопловство, со кој е утврдена обврска на Агенцијата за цивилно воздухопловство, најдоцна до 30 јуни од следната година, до Собранието на Република Северна Македонија да достави за усвојување Годишен извештај за својата работа во претходната година.*

*Во Годишниот извештај за реализација на Годишната програма за работа и развој на Агенцијата за цивилно воздухопловство на Република Северна Македонија за 2020 година се содржани детални информации и податоци за извршување на надлежностите на АЦВ, согласно Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Македонија" број 14/2006, 24/2007, 130/2008, 67/2010, 24/2012, 80/2012, 155/2012, 42/2014, 97/2015, 152/2015, 27/2016 и 31/2016), како и активности реализирани на компанијата во функција на реализација на визијата, мисијата и целите на АЦВ, за достигнување на крајната цел, обезбедување високо квалитетен, брз, ефикасен, сигурен, евтин и еколошки одржлив европски профилиран воздушен сообраќај, достапен до сите.*

**С О Д Р Ж И Н А**

**I. КАНЦЕЛАРИЈА ЗА ПОДДРШКА НА ДИРЕКТОРОТ......................................................10**

**II. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ВО ВОЗДУХОПЛОВСТВОТО17..............................15**

**III. СЕКТОР ЗА ВОЗДУШЕН СООБРАЌАЈ ..........................................................................17**

**IV. СЕКТОР ЗА МЕЃУНАРОДНО – ПРАВНИ РАБОТИ……………………………………..27**

**V. СЕКТОР ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА АЕРОДРОМИ И ВОЗДУХОПЛОВНА НАВИГАЦИЈА..........................................................................................................................32**

**VI. СЕКТОР ЗА АДМИНИСТРАТИВНИ И ОПШТИ РАБОТИ ………………………….........43**

**VII. СЕКТОР ЗА ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ И ЕКОНОМСКИ НАДЗОР ..........................47**

**Извештај за реализација на Годишна програма за работа и развој на**

**Агенција за цивилно воздухопловство на Република Северна Македонија за 2021 година**

*Почитувани,*

*Извештајот за реализација на Годишната програма за работа и развој на Агенцијата за цивилно воздухопловство за 2021 година, ја отсликува реалната перцепција, на за нас како сектор, уште една исклучително тешка година, на ревитализација на цивилното воздухопловство и негово враќање на позицијата на која се наоѓаше пред Ковид пандемијата.*

*Како регулаторно тело на цивилниот транспорт во земјава, во годината што измина, го дадовме својот максимум, од кризата да излеземе посилни за уште едно искуство, како сплотено, брзо и ефикасно, да реализираме, високо квалитетно цивилно воздухопловство во согласност со безбедносните правила и стандарди, пропишаните здравствени протоколи, во интерес, како на здравјето на нашите патници, така и на вработените во воздухопловната индустрија.*

*И среќен сум што успеавме во тоа. Ја одржавме кондиционата подготвеност на вработените во АЦВ, преку серија он лајн средби и состаноци, со нашите домашни европски партнери, разменувавме искуства и знаења, и успеавме да го задржиме високото ниво на стандарди кои значат, брз, сигурен, безбеден и еколошки одржлив воздушен транспорт до зацртаните европски и светски дестинации.*

*Во целосна констелација и почитување на меѓународните правила и стандарди, останавме доследни и на процесот на едукација на воздухопловниот кадар, во духот на развиените технолошки достигнувања, преку одржување редовни он лајн едукативни обуки, средби и конференциски врски. Современиот начин на учење и одржување комуникациски врски на далечина, ни овозможи ефикасна финансиска консолидација на институцијата, но едновремено и го заштити здравјето на вработените, преку намалување на ризикот од потенцијална зараза и ширење на вирусот Ковид-19.*

*Иако со редуциран ред на летање, во 2021 година, полека но сигурно се интензивираше процесот на враќање на авиокомпаниите на двете македонски воздушни пристаништа.*

*Зголемувањето, пак на фрефенциите до голем број европски и светски дестинациии, отворањето на границите за влез во земјите од Европа и светот, под посебни здравствени мерки и услови, како и интензивниот процес на имунизација на населението, значително го зголемија и бројот на корисници на брзиот, ефикасен и сигурен воздушен транспорт.*

*Финансиските загуби кои ги претрпе воздухопловниот сектор заради комплетното затворање на воздушните граници во 2020 година, оставија силни траги во финансиските биланси и во 2021 година, а веројатно ќе се чувствуваат и во престојниов период, до целосното закрепнување на домашната и светска воздухопловна индустрија, која од пандемијава ќе излезе со шштети кои се калкулираат со десетици милијарди евра.*

*"Пандемиската" реалност, и во 2021 година, продолжи во духот на сериозните предизвици, исполнети со пренамена на инвестициските и развојни планови, кон*

*креирање на мерки и активности за задржување на функционалноста и оперативноста на цивилниот воздушен транспорт, во согласност со ограничените економски потенцијали.*

*Финансиските потешкотии со кои се соочивме како институција, заедно со другите чинители во воздухопловната индустрија, во 2021 годината, не не поколебаа со несмален интензитет, да работиме на целосна консолидација на институцијата, но и да продолжиме со процесите на имплементација и усогласување на домашното со европското законодавство, да овозможиме безбедно патување од здравствен, но и од воздухопловен аспект, навремено, брзо и сигурно пристигнување до посакуваната дестинација на патувачка јавност.*

*Почитувани,*

*Ве уверувам дека и покрај сите здравствени и безбедносни предизвици со кои сеуште се соочуваме, во 2022 година, со максимални напори, труд и енергија, ќе продолжиме во континуитет да вршиме високо професионален и стручен надзор врз работата на сите субјекти во македонската авиоиндустрија, со што ќе обезбедиме уреден, безбеден и еколошки одржлив воздушен транспорт во согласност со меѓународните правила и стандарди, а достапен под еднакви услови за сите.*

*Со добра мисла и силна волја на сите чинители на воздухопловната индустрија, ќе успееме да ја вратиме комплетната верба на патниците во безбедното патување со авион, од здравствен аспект, а со тоа и директно да влијаеме врз обновата на воздухопловната транспортна мрежа, која на својата воздушна мапа повторно ќе нотира стотици илјади воздушни линии, милијарди превезени патници, како што впрочем и му доликува на новиот современ начин на општествено живеење, со развиени комуникациски вредности, трансфер на патници и стока, својствени за 21 век.*

*Со почит,*

*директор на АЦВ*

*д-р Томислав Тунтев*

**Попис и објаснување на кратенки кои ќе бидат користени во Извештајот:**

| | |
|---|---|
| AIS | Aeronautical Information Service / Услуги за воздухопловни информации |
| AMC | Aero Medical Center / Воздухопловно–медицински центар |
| AME | Authorized Medical Examiner / Овластен лекар за процена на здравствената способност |
| ANS | Air Navigation Services / Услуги на воздухопловната навигација |
| ANSP | Air Navigation Service Provider / Давател на услуги на воздухопловната навигација |
| ATCO | Air Traffic Control Officer / Контролор на летање |
| ATM | Air Traffic Management / Управување со воздушниот сообраќај |
| AWAOC | Aerial Work Air Operation Certificate / Уверението за вршење на специјализирани услуги со воздухоплов |
| CAPSCA | Collaborative Arrangement for the Prevention and Management of Public Health Events in Civil Aviation / Систем за координација на меѓународниот воздухопловен одговор на јавноста за ризиците по здравјето |
| CCAA | Croatian Civil Aviation Agency/Хрватска агенција за цивилно воздухопловство |
| CHRDCA | Center for Human Resource Development on Civil Aviation/центар за развој на човечките ресурси во цивилното воздухопловсто |
| CMO | Chief Medical Officer / Шеф на медицина |
| CNS | Communication, Navigation and Surveillance / Комуникација, навигација и надзор |
| CORSIA | Carbon Offsetting and Reduction Scheme for International Aviation / Програма за неутрализација и намалување на емисија на јаглерод за меѓународното воздухопловство |
| CRCO | Central Route Charges Office / Централана управа за надоместоци за прелети |
| EAI | European Aviation Institute/Европски воздухопловен институт |
| EASA | European Aviation Safety Agency / Европска агенција за воздухопловна безбедност |
| ECAC | European Civil Aviation Conference / Европска конференција за цивилно воздухопловство |
| ECAM | European Congress of Aerospace Medicine / Европски конгрес за воздухопловна медицина |
| ECCAIRS | European Co – ordination Centre for Accident and Incident Reporting |

| | |
|---|---|
| | Systems / Европски координативен центар на системите за пријавување на несреќи и инциденти |
| EFOD | Electronic Filing of Differences / Електронски систем за објавување на разлики помеѓу националното законодавство и стандардите на ICAO |
| ENAC | Ecole nationale de l'aviation civile/Национално училиште за цивилно воздухопловство |
| ESAM | European Society of Aerospace Medicine / Европско здружение за воздухопловна медицина |
| ETNA | Extranet to National Administrations / Екстранет за националните администрации |
| EUR/ NAT | European and North Atlantic / Европа и северен Атлантик |
| EUROCONTROL | European Organisation for the safety of Air Navigation / Европска организација за безбедност на воздушната навигација |
| FD | Flight data / Податоци за лет |
| FLOW | Проток на воздушен сообраќај |
| IANS | Institute of Air Navigation Services /Институт за услуги за воздухопловна навигација |
| ICAO | International Civil Aviation Organisation / Меѓународна организација за цивилно воздухопловство |
| JAA | Joint Aviation Autorities / Заеднички воздухопловни власти |
| MEG | Medical Expert Group Forum / Форум на групата на здравствени стручњаци |
| MET | Aviation Meteorology / Воздухопловна метеорологија |
| MoU | Memorandum of Understanding / Меморандум за разбирање |
| MSAM | Macedonian Society of Aerospace Medicine / Македонско здружение за воздухопловна медицина |
| PPL | Private Pilot License / Дозвола за приватен пилот |
| RASARAC | Regional Aeronautical Search and Rescue Advisory Committee / Регионален комитет за воздухопловна потрага и спасување |
| RCO | Rescue Coordination Office / Оддел за координација на спасување |
| SAA | Singapore Aviation Academy/Воздухопловна академија на Сингапур |
| SAFA | Safety Assessment of Foreign Aircraft / Процена на безбедноста на странски воздухоплов |
| SAR | Search and Rescue / Потрага и спасување |
| TAIEX | Technical Assistance and Information Exchange instrument of the European Commission / Инструмент на Европската комисија за Техничка помош и размена на информации |
| USOAP | Universal Safety Oversight Audit Programme / Универзална програма за |

| | |
|---|---|
| | ревизија на надзорот врз безбедноста |
| АЗЛП | Агенција за заштита на лични податоци |
| АЗПСПИ- | Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер |
| ДКСК | Државна комисија за спречување на корупција |
| КПД | Канцеларија за поддршка на директорот |
| МИОА | Министерство за информатички општество и администрација |
| ООВ | Одделение за обезбедување во воздухопловството |
| САВБ | Сектор за аеродроми и воздухопловна навигација |
| САОР | Сектор за административни и општи работи |
| СВС | Сектор за воздушен сообраќај |
| СМПР | Сектор за меѓународни и правни работи |
| СФР | Сектор за финансиски работи |

# I. КАНЦЕЛАРИЈА ЗА ПОДДРШКА НА ДИРЕКТОРОТ

## *1.1. Инспектор за контрола на квалитетот и безбедноста*

Агенцијата за цивилно воздухопловство како надлежно регулаторно тело на цивилното воздухопловство во земјата, во 2021 година продолжи со соочување со КОВИД-19 пандемијата која имаше огромно влијание врз авионската индустрија. Кризата КОВИД-19 е значително повлијателна од која било друга криза што авионската индустрија ја доживеала порано. Пандемијата сè уште не е завршена, но има знаци дека вакцинацијата нуди остварлив начин да се намали нивото на инфекција и основа за реално планирање за целосно повторно отворање на воздухопловството. Во исто време, целосното отворање мора да се постигне систематски и истото може да потрае значително време за нивото на работата да се врати на оперативните способности од 2019 година.

Инспекторот за контрола на квалитетот и безбедноста во рамките на својата надлежност и наметнатите КОВИД -19 услови беше целосно посветен на одржување на систем на добро управување и постојано подобрување на квалитетот и безбедноста на воздухопловниот сектор, во согласност со важечките прописи кои се однесуваат на системот за управување со барањата на органите (Authority Requirements), Инспектор за контрола на квалитетот и безбедноста вршеше внатрешни контроли на клучните процеси и процедури за следење на соодветноста на процедурите и усогласеноста на системот за управување со соодветните барања.

Инспекторот за контрола на квалитетот и безбедноста внатрешните контроли ги користеше за откривање и елиминирање на можните неусогласености на системот, кои резултираат со информации што и олеснуваат на организацијата да ги идентификува потребните подобрувања, да ги намали системските ризици и да ја зголеми ефикасноста во својата работа.

Контрола на квалитетот и безбедноста имаат највисок приоритет во однос на комерцијални, оперативни, еколошки или социјални притисоци. Во тој контекст, беа преземени активности во насока на имплементирање и одржување на ефикасен, одржлив и проактивен систем за управување со квалитетот и безбедноста во согласност со условите диктирани од страна на Меѓународната организација за цивилно воздухопловство и Европската комисија.

Во 2021-та година, Инспекторот за контрола на квалитетот и безбедноста, работеше на следните активности:

- Упатство за внатрешен менаџмент
- Процедури за внатрешен менаџмент
- Воспоставување на систем за управување со безбедноста
- Процедури за контрола на безбедноста во воздухопловството
- Продолжување на активностите врзан и за USOAP CAP
- Самооценување за USOAP (self-assessment )
- Воспоставување на Националната Програма за Безбедност(SSP)
- Активности врзани за ДБКИ (Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации)
- IPA-5 Проект
- Внатрешна контрола на соодветните сектори
- Активности врзани за Council Aviation Recovery Taskforce (CART)
- Активности врзани како Инспектор за SAFA

Во текот на 2021 година беше извршена супервизија, за степенот на имплементација на препораките од извршената контрола на безбедноста и сигурноста во воздухопловството и акционите планови. Направена координација со ICAO USOAP, во цел, затварањето на забелешките и воспоставување на системот за управување и контрола на функционирање на системот за управување со безбедноста (SMS).

И покрај предизвиците и променетиот безбедносен пејзаж, Инспекторот за контрола на безбедноста и квалитетот продолжи со својата работа во дадените услови спроведувајќи услови за прифатливо ниво на безбедноста во воздухопловството. Севкупно, имајќи ги предвид сите аспекти од имплементацијата и спроведувањето на активностите може да се заклучи дека Инспекторот за контрола на квалитетот и безбедноста ја прилагоди својата активност согласно условите, а без тоа да се изгуби квалитетот и обемот на планираните активности.

### *1.2. Советник за протокол и односи со јавност*

Советникот за протоколарни и ПР активности од Канцеларијата на директорот за подршка на неговото работење, во 2021 та година, продолжи со интензитетот на своите активности, насочени кон високо квалитетна, професионална презентација на достигнувањата во работењето на АЦВ, пред домашната и странска јавноста, но годинава, преку редуцирани, и во безбедни услови од здравствен аспект, организирани средби со новинари, учество во дневно информативни емисии, пласирање текстови и информации до пишаните и електронски медиуми...
Во духот на безбедносните услови под кои се одвива севкупното функционирање на општествениот систем, во насока на спречување на ширењето на заразата на вирусот Ковид 19, и протоколарните активности во 2021 тата година, се одвиваа со намален интензитет, и во главно преку електронска комуникација со меѓународните институции за воздухопловство, со кои Агенцијата е во интензивна комуникација и тесна соработка.

Низ адаптација на функционалноста во работењето на Агенцијата, во 2021 тата година, советникот на директорот за пртокол и ПР активности, остана доследен на навременото и ефикасно ажурирање на веб страната на Агенцијата и социјалните мрежи, на изготвување на Годишни извештаи и Програмата за работа и развој на АЦВ за престојната година.

### *1.3 Советник за обука и стручно усовршување*

Реализација на обуките за 2021 год. беше предвидена во согласност со индивидуалните планови за обука на вработените.

Со оглед на неповолната финансиска ситуација која е последица на кризата предизвикана од КОВИД-19 за 2021 год. не беше предвиден буџет за обука. Главните начела кои се следат при реализација на обуката беа максимално искористување на можностите за бесплатни онлајн обуки и финансирање исклучиво на обуките кои се неопходни во согласност со законските прописи.

Во овој период за прв пат беше воспоставена соработка со Европскиот воздухопловен институт од Романија, при што за потребите на вработените од АЦВ беа организирани два бесплатни курса на темите „Основи на европските регулативи за беспилотни летала“ и „ Услови за пловидбеност за беспилотни летала, дронови, УАС и поврзани системи/опрема“. Воедно, во 2021 год. голем број на вработени посетуваа бесплатни информативни вебинари на најразлични теми од областа на

воздухопловството, чија организација беше резултат на прилагодување на воздухопловната заедница на „новата нормала“ наметната од кризата.

До 31.12.2021 год. реализирани се вкупно 194 обуки за 64 вработени. Вкупниот потрошен износ за реализација на обуките изнесува 44, 560 денари.

**Можности за стипендирање**

Во 2021 год. продолжи активната соработка помеѓу Агенцијата за цивилно воздухопловство и Воздухопловната академија на Сингапурските цивилни воздухопловни власти. Во овој период седум вработени добија стипендии и имаа можност да ги збогатат своите знаења во оваа реномирана институција. Исто така, беше воспоставена соработка со Центарот за развој на човечки ресурси за цивилно воздухопловство на Цивилните воздухопловни власти на Индонезија во рамките на „Програмата за обука на земји во развој Индонезија-ИКАО“, при што тројца вработени добија стипендии и посетуваа курсеви изработени од страна на ИКАО.

Исто така, во рамките на „Програмата за техничка соработка“ воспоставена со Француските цивилни воздухопловни власти беа искористени можности за стипендии за пет курсеви. Воедно во рамките на оваа програма беше доделена една стипендија за постдипломски студии во ЕНАК за вработена од АЦВ.

Оваа година продолжи и успешната соработка со ЕАСА во рамките на програмата ЕАСА-ИПА 5, при што 15 вработени од АЦВ присуствуваа на 26 бесплатно организирани онлајн курсеви во областа на воздухопловна навигација, летачки операции, пловидбеност, воздухопловна медицина, системи за управување во воздухопловството итн.

Во рамките на спроведувањето на Twinning Light проектот „Поддршка за учество на Република Северна Македонија во Европската заедничка воздухопловна област“ беше реализирана на Компонента 3: -“Подобрување на техничкиот капацитет на вработените во Агенцијата за цивилно воздухопловство во согласност со безбедносните услови на ИКАО и ЕУ“. Во рамките на оваа компонента во 2021 година 14 вработени на АЦВ имаа можност подетално да се запознаат со работата на своите колеги од Хрватските цивилни воздухопловни власти. Воедно, во рамките на оваа компонента беше извршено усогласување на Програмата за обука за вработените во АЦВ, како и на севкупниот процес за управување со обуките во согласност со условите пропишани во ЕУ Регулативите.

Со финансирање од инструментот ТАИЕКС во 2021 година беше организирана онлајн работилница на тема „ТАИЕКС работилница за повеќе корисници за култура на обезбедување во воздухопловството“. На оваа работилница, освен вработените во АЦВ присуствуваа и учесници од воздухопловната индустрија во Северна Македонија, како и претставници на цивилните воздухопловни власти од регионот. На овој начин, Агенцијата за цивилно воздухопловство се приклучи кон одбележувањето на 2021 година, која беше прогласена од страна на ИКАО за „година на култура на обезбедувањето“.

**Основни податоци за реализираната обука**

Подолу е наведен графички приказ на најважните податоци поврзани со обуката реализирана во текот на 2021 год., а списокот на реализирана обука во првата половина на 2021 год. е даден во Прилог I.


БРОЈ НА РЕАЛИЗИРАНИ ОБУКИ СПОРЕД ЛОКАЦИЈА
15
42
137
ВО СТРАНСТВО
ВО ЗЕМЈАВА
ОНЛАЈН


БРОЈ НА РЕАЛИЗИРАНИ ОБУКИ ВО ДОМАШНИ ОРГАНИЗАЦИИ
1
5
6
1
1
1
22
19
АЗПСПИ
МИОА
ПРОАГЕНС
ДКСК
АЗЛП
ВЛАДА
КОУЗОН
АЦВ


БРОЈ НА РЕАЛИЗИРАНИ ОБУКИ ВО СТРАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ
28
1
20
19
5
21
7
2
30
EASA
CANSO
CCAA
ICAO
ECAC
ENAC
IANS
SAA
TAIEX
EAI
CHRDCA


БРОЈ НА РЕАЛИЗИРАНИ ОБУКИ ПО СЕКТОРИ ВО АЦВ
14
15
14
15
59
43
8
КПД
САОР
СФР
САВН
СВС
СМПР
ООВ

## 1.4. Советник– асистент за административни работи

Советник– асистент за административни работи во престојната 2021 година, согласно своите надлежности, ги реализираше следните активности:

- Комуникација со Генерален секретаријат при закажана седница на Генералниот колегиум на државни секретари и  Комисијата за економски систем и тековна економска политика, како и за закажани седници при Владата на Република С. Македонија.
- Толкување на позитивните законски прописи  и правен осврт на законската регулатива за поединечни предмети по барање на Директор.
- Подготовка за примена на новиот Закон за заштита на личните податоци од 16.02.2020г, подготвување на интерни документи и акти за потребите на АЦВ усогласени со новиот закон.
- Подготовка на дописи кон домашни и странски субјекти. Изготвување на дописи по насока на Директорот, до домашни институции и интерни дописи до вработени.
- Водење и изготвување на Записник од Колегиум на неделно ниво, согласно работни активности на секторите и Раководниот колегиум во Агенцијата.
- Административни, организациски и логистички активности при организирање на настани од интерес на Агенцијата.
- Набавка на услуги и стоки за потребите на кабинетот на Директорот.
- Проверка и следење на официјалната мејл адреса на Агенцијата (info@caa.gov.mk). Одговор и проследување на сите пристигнати информации до засегнати и релевантни сектори и лица на дневно ниво.

Распределба на целокупната документација и предмети од Архива и процесирање на истата до РК во Агенцијата, како и  достава на завршени предмети до надворешни институции и лица.

# II. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ВО ВОЗДУХОПЛОВСТВОТО

## 1. Реализирани активности – обезбедување во воздухопловството (Aviation security)

Согласно Годишниот план за контрола на квалитетот на имплементација на  мерките за обезбедување  во воздухопловството,  во 2021 година  вкупно се реализирани 24 инспекциски надзори на 5 субјекти на воздухопловната индустрија и странски авиопревозници. Од вкупниот број на инспекциски надзори 19 беа редовни и 5 повторни.

Во "ТАВ Македонија" ДООЕЛ, Мралино, Илинден, Меѓународен Аеродром Скопје се реализирани вкупно 7 редовни инспекциски надзори. Од 7 контролни активности во 2 наврати се констатирани недостатоци и наложено е изготвување на корективни планови или наложено е преземање на конкретни мерки за подобрување на состојбите. Дел од недостатоците потребно е и ќе бидат целосно надминати во  текот на 2022 година.

Во "ТАВ Македонија" ДООЕЛ, Мралино, Илинден,-Аеродром" Св. Апостол Павле" Охрид се реализирани 4 инспекциски надзори од кои 3 редовни и 1 повторен. При инспекциските надзори

се констатираа помали недостатоци и наложено им беше подобрување на начин на имплементирање на мерки за отстранување на констатираните недостатоци.

Во „Регулираниот агент Меѓународен Аеродром Скопје" се извршени три повторни инспекциски надзор. За време на инспекцискиот надзор како недостаток се констатира заштита на карго центар и контрола на пристап во истиот при што е наложено изготвување на корективни планови или наложено е преземање на конкретни мерки за отстранувањ на недостатоците. Треба да се наведе дека во 2021 се направи набавка на нова рендген опрема за безбедносен преглед на карго и пошта.

Во "М-НАВ "АД Скопје давателот на услуги на воздухопловна навигација се реализирани 2 инспекциски надзори од кои една редовна за контрола на мерките за сајбер обезбедување (Syber Security), и еден повторен инспекциски надзор со цел проверка на состојба на имплементирани мерки од корективен акционен план на М-НАВ. При реализацијата на инспекциските надзори на М-НАВ АД Скопје, се констатираа подобрување на состојбата со обезбедување од 2020г, и имплементирање на корективниот план од претходно но сеуште останува обврската кои треба да се отстранат во 2022г.

Во Школскиот центар на ТАВ Македонија, извршен е еден инспекциски надзор, при што се констатирани недостатоци во делот на планирање и организирање на обуките, и наложено е изготвување на корективни планови или наложено е преземање на конкретни мерки за подобрување на состојбите. Дел од недостатоците согласно корективниот план на школскиот центар беа отстранети до крајот на 2021.

Од страна на Агенцијата за цивилно воздухопловство се реализирани 7 инспекциски надзори над работењето на странските авиопревозници кои оперираат во Република Северна Македонија и нивните воздухоплови, при што не се констатирани сериозни недостатоци, освен потреба од подобрување при имплементирање на мерки. Инспекциски надзори се реализираа над Turkish Airlines, Pegasus Airlines , Nordwind Airlines, Wizz Air, Croatia Airlines и Aegean.

**Спроведени управни постапки**

Од горенаведените инспекциски надзори по службена должност се отворени и водени 4 управни постапки. Од нив три се ново отворени во текот на 2021г. додека една е стара од 2020г. Од три УП отворени во 2021г. една е целосно затворена со отстранување на недостатоците додека две сеуште се отворени, со пропишани рокови за отстранување во 2022година. Една управната постапка од 2020г. е затворена со отстранување на недостатоците во текот на 2021г.

Во управни постапки спроведени по барање на странки е постапено по 7 барања и тоа: барање за сертификација на Меѓународен Аеродром Скопје, барање за сертификација на аеродром Св.Апостол Павле – Охрид, барање за одобрување на програма за обука за обезбедување на персонал за обезбедувањето (барател ТАВ Македонија), барање за одобрување на програма за обука за обезбедување на персонал кој не рши работи поврзани со обезбедувањето (барател ТАВ Македонија), барање за одобрување на опрема за безбедносен преглед на карго и пошта, барање за одобрување на опрема за безбедносен преглед на течности, аеросоли и гелови и барање за одобрување на програма за обука за обезбедување на персонал кој не врши работи поврзани со обезбедувањето.Сите управни постапки се решени и донесени решенија по однос на истите.

**ICAO инспекција во АЦВ**

Во јуни 2021 Агенцијата беше предмет на целосна инспекција од страна на ICAO, која согласно пропишаните здравствени протоколи за заштита на здравјето, беше реализирана он лајн, и врз основа на увид во документацијата со која работи АЦВ. На реализација на истата и претходеше период на подготвителни активности, како што се, пополнување на прашалници изготвени од ICAO, и достава на документи (програми, процедури и др.) со кои работи АЦВ до нив.
По реализација на инспекцијата и добиениот конечен извештај за спроведениот аудит, на Агенцијата и престои период на изготвување на корективен акционен план, постапување по истиот, и доставување на документот до ICAO.

**Други активности**

Учество во процес на сертификација на Меѓународен Аеродром Скопје и аеродром Св.Апостол Павле – Охрид.

Работа на измени и дополнување на Националната програма за обезбедување, согласно ECAC Doc.30 амандман 14 Мај 2021, ICAO Анекс 17 и препораките од ICAO аудит извештајот.Изготвување на внатрешни процедури.

Други активности кои се дел од редовните активности се организирање и учество на состаноците на Националниот комитет за обезбедување во цивилното воздухопловство и состаноците на аеродромските комитети за обезбедување во Скопје и Охрид.

Учество на два состаноци на форумот за обезбедување на ECAC ( ECAC Security Forum- онлајн), како и учесто на семинари и работилници организирани од страна на ECAC, ICAO и Eurocontrol.

Како дел од проектот 2021 година на култура на обезбедувањето (2021 Year of Security Culture), под покровителство на Агенцијата се организира и семинар (он-лајн) на оваа тема со предаватели од странство, на кој учествуваа претставници од целата авио индустрија во земјата. Исто така како дел од овој проект беше и дистрибуција на материјали (видео и пишани), прирачници и др. до индустријата за подигање на свеста и културата на нивните вработени по однос на обезбедувањето.

## III. СЕКТОР ЗА ВОЗДУШЕН СООБРАЌАЈ

### *3.1.Одделение за летачка оператива*

Во текот на 2021 година одделението за летачка оператива согласно делокругот на надлежности и постапувајќи по барара - управни постапки како и согласно планот за редовни и вонредни инспекциски надозири ги реализираше следните активности во различни области:

**Некомерцијални летачки операции со комплексен воздухоплов (СОЗР)**

1. Управна постапка број 08-18/2021 од 22.01.2021 година – Инспекциски надзор за одобрување на измена во Оперативниот прирачник, дел Д – воведување обука за користење ЕФБ.
2. Управна постапка број 08-61 од 24.02.2021 година – Инспекциски надзор за ревизија на Оперативен прирачник Дел С.
3. Управна постапка број 08-98 од 15.04.2021 година – Инспекциски надзор на поднесена документација за прифаќање на поднесена Декларација за извршување на некомерцијални операции со комплексен воздухоплов.
4. Инспекциски надзор во тек на лет (In-flight check) согласно барање број 08-1111/1 од 16.11.2021 година. Надзорот е ралузиран на лет LWSK-LTFM-LWSK на 25.11.2021 година.
5. Управна постапка број 08-463/2021 од 13.10.2021 година – Инспекциски надзор врз исполентост на услови за одобрување на операции во услови на намалена видливост – LVTO (Low Visibility take-off), при видливост (RVR-Runway Visual Range) не помала од 125 м.

**Специјализирани услуги со воздухоплов**

**Друштво за воздушен транспорт Аероклуб Скопје ДОО Чучер Сандево:**

1. Управна постапка број 08-54/2021 од 23.02.2021 година за Одобрување на специјализирани комерцијални операции со висок ризик над населено место град Скопје.
2. Управна постапка број 08-89/2021 од 11.03.2021 година за дополна и измена на оперативни спецификации во Уверение за работа за специјализирани услуги.
3. Управна постапка број 08-132/2021 од 31.03.2021 година за дополна и измена на Решение УП.број 08-54/2021 од 16.03.2021 година.
4. Управна постапка број 08-621/2021 од 01.07.2021 година за Одобрување на специјализирани комерцијални операции со висок ризик над населено место град Гостивар.
5. Управна постапка број 08-321/2021 од 13.07.2021 година за Одобрување на специјализирани комерцијални операции со висок ризик над населено место град Крива Паланка.
6. Управна постапка број 08-358/2021 од 06.08.2021 година за Одобрување на специјализирани комерцијални операции со висок ризик над населено место град Штип.
7. Управна постапка број 08-552/2021 од 25.11.2021 година за Одобрување на специјализирани комерцијални операции со висок ризик над населено место град Скопје за влечење на рекламен банер. Постапката е запрена по барање на операторот.

**Друштво за авио услуги ДООЕЛ ''БОНИЕР'' Куманово:**

1. Управна постапка број 08-8/2021 од 20.01.2021 година за Одобрување на измена на Оперативен прирачник, дел А.
2. Управна постапка број 08-218/2021 од 14.05.2021 година за Одобрување на специјализирани комерцијални операции со висок ризик за град Свети Николе.
3. Управна постапка број 08-222/2021 од 14.05.2021 година за Одобрување на специјализирани комерцијални операции со висок ризик за град Пробиштип.
4. Управна постапка број 08-221/2021 од 14.05.2021 година за Одобрување на специјализирани комерцијални операции со висок ризик за град Куманово.

5. Управна постапка број 08-220/2021 од 14.05.2021 година за Одобрување на специјализирани комерцијални операции со висок ризик за град Крива Паланка.
6. Управна постапка број 08-223/2021 од 14.05.2021 година за Одобрување на специјализирани комерцијални операции со висок ризик за општина Карбинци.
7. Управна постапка број 08-224/2021 од 14.05.2021 година за Одобрување на специјализирани комерцијални операции со висок ризик за град Кавадарци.
8. Управна постапка број 08-226/2021 од 14.05.2021 година за Одобрување на специјализирани комерцијални операции со висок ризик за град Виница.
9. Управна постапка број 08-227/2021 од 14.05.2021 година за Одобрување на специјализирани комерцијални операции со висок ризик за град Велес.
10. Управна постапка број 08-225/2021 од 14.05.2021 година за Одобрување на специјализирани комерцијални операции со висок ризик за град Кочани.
11. Управна постапка број 08-219/2021 од 14.05.2021 година за Одобрување на специјализирани комерцијални операции со висок ризик за град Кратово.
12. Управна постапка број 08-508/2021 од 01.11.2021 година - Инспекциски надзор врз исполнетост на услови за прифаќање на Декларација за вршење на комерцијални специјализирани услуги со воздухоплов.

**Генерална авијација**

- Извршен е еден редовен инспекциски надзори на Центар за обука на пилоти на едрилици – Аероклуб Скопје – Скопје.
- Извршен е еден редовен инспекциски надзори на Центар за обука на падобранци – Аероклуб Скопје – Скопје.
- Извршен е инспекциски надзор на Центар за обука на пилоти на едрилици – Аероклуб Штип – Штип.

**SAFA инспекциски надзори**

Во текот на 2021 година, инспектор од Одделението за летачка оператива извршил два инспекциски надзори со цел обнова на знаењата под надзор на инспектор од воздухопловните власти на Црна Гора и дванаесет SAFA инспекциски надзори.

**Транспорт на Опасни Материи**

Во текот на 2021 година инспекторот за транспорт на опасни материи водел постапка за издавање на 53 согласности за превоз на опасни материи со воздухоплов.

**Операции со воздухоплови без екипаж (дронови)**

Во текот на 2021 година споредбено со 2020 година забележана е тенденција на зголемување за 50% на бројот на пријавени операции со воздухоплов без екипаж.




По однос на намената/видот на операции во текот на 2021 година 19% од операциите се рекреативни, 8% комерцијални, 6 % воздухопловно-спортски активности и 67% за сопствени потреби.

Бројот на операции со воздухоплови без екипаж главно е сконцентриран во главниот град односно 46% од операциите се извршени во Скопје, 29% во Охрид и 25% во останатите градови.



**Подготовка на регулатива, процедури и обрасци**

- Изработен е Прирачник со процедури на Одделението за летачки операции (OPS-MAN-001, edition 1, date 26.03.2021, revision 00/24.03.2021) со вкупно 26 процедури,

- Изработен е Прилог број 1 на Прирачникот со процедури – Збирка на формулари и листи за проверка (Appendix 1 to OPS-MAN-001, rev. 00/24.03.2021)

- Одржани се презентации со субјектите на воздухопловната индустрија во делот на NCC и SPO оператори со цел запознавање на индустријата со новата регулатива за летачкли операции, начинот на нејзината примена, потребата од промени во организациската структура на операторите и потребата од прилагодување на содржината и структурата на оперативните прирачници на операторите согласно новата регулатива

## 3.2. Одделение за пловидбеност и регистар

Согласно планот за работа на одделението за пловидбеност и регистар наведени во точка 2.3 може да се потврди дека и покрај исклучително отежнатите услови за работа поради пандемијата , планот е во целост извршен а обемот на работата зголемен за преку 60 % .

Одделението за пловидбеност во 2020 година, реализираше 109 управни постапки, а во **2021 година 184 Управна постапка** од кои дел, преставуваат исклучително комплексни предмети, со примена на чек листи и процедури усогласени со последните воздухопловни регулативи.
Од постапките водени и започнати во 2021 година , 6 постапки поради комплексноста на предметите , се продолжуваат и во 2022 година.
Покрај управните постапки поврзани со сертификација и валидација на странски организации за техничко одржување на воздухоплови, континуиран надзор на организации, продолжување на пловидбеност на воздухоплови и одобрување на системи за техничко одржување, беа направени и вонредни инспекции согласно планот за 2020 година на организации-оператори на воздухоплови и тоа на:

- Дирекцијата за заштита и спасување -ДЗС - воздухопловите кои се користат за гасење на пожари;
- Организација за одржување на Аероклуб Скопје ДОО Чучер Сандево;
- Странски организации за техничко одржување валидација:
  - ЈАТ-Техника – Р.Србија ,
  - ТИТАН – Шпанија и
  - ГАС -Авиатион -Р.Србија.

Од регистарот на воздухоплови е испишан воздухоплов од типот Боинг 737-300 со регистарски ознаки Z3-AAO на Авиатика ДООЕЛ Скопје.

Со стапувањето на сила на Уредбата за условите под кои воздухоплов без екипаж може да лета во македонскиот воздушен простор („Службен весник на РМ“ бр.187/17) и Уредбата за изменување и дополнување на уредбата за условите под кои воздухоплов без екипаж може да лета во македонскиот воздушен простор („Службен весник на РМ“ бр.152/18) се створија услови за упис на воздухоплови без екипаж во Регистарот на воздухоплови без екипаж на РМ. Согласно уредбата во 2019 година, во 2020 година се впишани уште **74** воздухоплови вез екипаж, со што вкупниот број на впишани воздухоплови во Регистарот е **269**.

Одделението за пловидбеност, меѓу првите во Европа, воведе квалитетен систем за регистрација на воздухопловите без екипаж, и директно и постојано се вклучува во информирање на корисниците/операторите, за правата и обврските, со особено внимание на безбедноста.
Со транспонирање на најновите регулативи на европската комисија за безпилотните системи , податоците за регистрираните воздухоплови без екипаж , ќе можат да се искористат за регистрација на операторите , а регистрацијата на воздухопловите без екипаж ќе се однесува само на групата „сертифицирани„.( Дронови со уверение за тип)

Еден од двата Инспектори од одделението за пловидбеност и регистар , како национален координатор и инспектор , врши и „SAFA„ инспекции (34 инспекции) . И покрај исклучително малиот број на инспектори во одделението, се даде квалитативен допринос во планираните дејствија во програмата за, SAFA, при што во 2021 година се направени вкупно 43 инспекции на странски воздухоплови на двата аеродроми во Р.С.Македонија.

Во периодот 2021 год., одделението е вклучено и во изработката на извештаи во програмата CORSIA (Carbon Offsetting and Reduction Scheme for International Aviation)

Оделението, во рамките на дополнителните надлежности, постојано беше вклучено и во оценките за безбедност на високоризичните операции со воздухоплови регистрирани во Македонија, вклучувајќи ги и третирањата против комарци над населени места/градови.

Согласно планот за 2021 г. , точка 2.3.2 , Во последниот квартал на 2021 година , се пристапи кон разработка на поголем број на регулативи на европската комисија ,кои би тртебало да се транспонираат во 2022 година.

Прирачникот со сите процедури кои се користат во одделението за пловидбеност и регистар и Збирката на проверочни листи , формулари и готови образци на барања , со усогласување на сите европски стандарди и применети законски и подзаконски акти во Македонија, беа во целост користени во работниот процес во 2021 година.
За „ Twining'' проект за 2022 година се предложени најновите регулативи на „EASA'' , и тоа : 2018/1142 , 2019/1383 , 2019/1384 , 2020/270 ,2020/1159 , 2021/700, 2021/1963 ацрт на Прирачникот и збирката беа и предмет на евалуација од страна на Хрватските Цивилни воздухопловни власти во рамката на „Twining'' проектот помеѓу АЦВ и Хрватската Агенција за цивилно воздухопловство .
Во 2021 година, новиот прирачник и новата Збирка на чек листи , формулари и образци, меѓу кои се и сите формулари и барања важни за индустријата и публикувани на веб страната на Агенцијата , во целост се користат во редовните постапки.
Согласно горе наведеното можеме да заклучиме дека, планот за 2021 е во целост извршен.

Од 01.01.2020 година е во функција и проверката на применета Регулативата за задолжително осигурување на воздухоплови за авиоодговорност, објавена во Службен Весник бр.220/2019 година. Со исполнување на барањата од страна на индустријата и контрола од страна на инспекторите, може да се потврди дека рергулативата се почитува.

Вработените на одделението, се вклучени и во работа на повеќе работни групи и комисии во АЦВ и надвор од агенцијата, како Комитетот за воено – цивилни активности во воздушниот сообраќај, Комитетот за истраги на инциденти и несреќи, комисијата за истраги и несреќи во Министерството за внатречни работи.

Согласно надлежноста на одделението, а заради имплементација на барањата за одржување во континуирана пловидбеност кои ги издаваат државите одговорни за дизајнот согласно од Анексот 8 од Конвенцијата за меѓународно цивилно воздухопловство (Чикаго 1944 г.), одделението ги следи промените кај тие барања и за воздухопловите кои не подлежат на примената на прописите на ЕУ (тн, Анекс 1 воздухоплови) и постапува а согласно член 131 од Законот за воздухопловство , со што во целост се исполнети задачите во планот за 2021 год.

Во текот на 2021 год. во Регистарот на воздухоплови се впишани 3 (три ) воздухоплови, (од типот PARTENAVIA- P.68B, Beechcraft -Bonanza A36TC, Alexander Schleicher GmbH & Co.Segelflugzeugbau -ASK 21 Mi) , а испишан е 1(еден) воздухоплов.
Во Регистарот пак на воздухоплови без екипаж впишани се вкупно 76 (седумдест и шест) водухоплови без екипаж, од кои 4 воздухоплови со MTOW od 20 kg. , кои се користат за активности во земјоделието (Arial Work).
Во истста година во Регистарот се сработени 114 Управни постапки , кои се однесуваат највеќе на впишување на воздухиопловите во регистарот и издавање на Уверение за регистрација, како и продолжување и промена на истото.
Сите овие информации за промените во Регистарот се испраќаат редовно до Централниот регистар на Република Северна Македонија.
Исто така, Регистарот во 2021 год. на барање на Министерството за внатрешни работи, издаде и 20тина дописи во кои информираше за сопственоста на воздухопловите од страна на конкретни лица.

### 3.3. Одделение за дозволи и уверенија

Одделението за дозволи и уверенија при Секторот за воздушниот сообраќај во Агенцијата за цивилно воздухопловство е надлежно за лиценцирање на персоналот во воздухопловството.

Во рамките на своите надлежности одделението за дозволи и уверенија спроведува постапки за следните работни процеси:

<u>Воздухопловен Персонал</u>

1. Спроведување на управни постапки (УП) за: издавање, продолжување, обнова на дозволи/уверенија, впишување на овластувања/посебни овластувања, впишување на овластувања за јазична компетентност (англиски јазик), суспендирање на дозволи и уверенија на персоналот во воздухопловството;
2. Издавање на потврди за важност на дозвола/овластување, потврди а немање несреќи/инциденти на персонал во воздухопловството;
3. Издавање, продолжување, обнова, издавање на дупликат, суспендирање и повлекување на дозволи/уверенија и овластувања на персонал во воздухопловството лиценциран од страна на Агенцијата за цивилно воздухопловство на Република Северна Македонија;
4. Валидација и конверзија на странски дозволи за персоналот во воздухопловството;
5. Издавање на цивилни дозволи на персонал во воздухопловството од страна на Агенцијата за цивилно воздухопловство на Република Македонија врз основа на обука, знаење и искуство стекнати во Армијата на Република Северна Македонија, Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија и Царинската управа на Република Северна Македонија;

6. Организирање и спроведување на испити за стекнување на дозволи и овластувања на персоналот во воздухопловството;
7. Редовни и вонредни проверки на стручна оспособеност на персонал во воздухопловството;
8. Авторизација на испитувачи и мерки за нивна стандардизација;
9. Издавање на сертификати за член на екипаж;
10. Изготвување и/или ажурирање на Листа на воздухопловни стручњаци за 2021 година за персонал во воздухопловството.

Тренинг Организации

11. Спроведување на управни постапки за одобрување на програми за обука на персоналот во воздухопловството;
12. Спроведување на управни постапки за издавање и продолжување на Уверенија за работа на организации или центри за обука на персоналот во воздухопловството;
13. Спроведување на управни постапки за одобрување и прифаќање на странски организации за обука, испитувачи и симулатори за летање;
14. Одобрување на програми за обука на персонал во воздухопловството.
15. Водење на регистар на персоналот во воздухопловството (евиденција на издадените дозволи, уверенија и овластувања, како за персоналот во воздухопловството, така и за овластените организации и центри за обука);

Во текот на 2021 година, одделението, реализираше и серија други работни активности во делот на издавање, продолжување, обнова, издавање на дупликат, суспендирање и повлекување на дозволи/уверенија и овластувања на персонал во воздухопловството, лиценциран од страна на Агенцијата за цивилно воздухопловство, при што беше постапувано по 336 предметно - управни постапки.

| Р.б. | Вид на дозвола/ уверение | Издавање на дозвола | Стекнување овластување | Продолжу-вање/обнова на дозвола/ овластување | Замена Образец/н ов образец на дозвола |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Приватен пилот на авион | 1 | | 25 | 4 |
| 2. | Комерцијален пилот на авион | | | 35 | 1 |
| 3. | Сообраќаен пилот на авион | | | 14 | 1 |
| 4. | Сообраќаен пилот на хелихоптер | | | 1 | |
| 5. | Пилоти на ултралесни авиони | 1 | | 5 | |
| 6. | Пилот на балон | | | 1 | |
| 7. | Пилот на едрилица | | | 8 | |
| 8. | Пилот на параглајдер | | 3 | 3 | 1 |
| 9. | Падобранец | | | 3 | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 10. | Воздухопловен диспечер | | | 2 | |
| 11. | Контролор на летање | 12 | 3 | 8 | 12 |
| 12. | Помошник на контролор на летање | | | 31 | |
| 13. | МЕТ персонал | | | 19 | |
| 14. | АИС персонал | | 1 | 27 | |
| 15. | ФМП персонал | | | | |
| 16. | АТСЕП персонал | | 2 | 28 | |
| 17. | PART 66 дозвола | 2 | 1 | 7 | |

Персоналот од одделението за дозволи и уверенија самостојно и во меѓуодделенска и меѓусекторска соработка учествуваше и во спроведување на инспекциски надзори од областа на:

- SAFA инспекции,
- учество во постапки за издавање, продолжување или обновување на АОС
- издавање, продолжување или обновување на Тренинг Организации (одобрени - АТО или со декларација-DTO)
- друг континуиран инспекциски надзор согласно надлежностите на Агенцијата (аероклубови, параглајдери и крила на слободно летање, итн).

Во табелата подолу се податоците за извршени надзори во 2021 според обемот на работа и потребата за надзор.

| Ред.бр. | Организација / Центар за обука | Датум на инспекцијата |
|---|---|---|
| 1. | "Здружение за афирмација на воздухопловство АК СКОПЈЕ", ТС – 08 Центар за обука на падбранци | 16.04.2021 год |
| 2. | "АЕРОКЛУБ СКОПЈЕ" MKD.DTO.001 | 09.08.2021 год |
| 3. | "АЕРОКЛУБ СКОПЈЕ" MKD.DTO.001 | 24.09.2021 год |
| 4. | "МИМАКС БАЛОН" TC/BL-01 | 13.10.2021 год |
| 5. | "АЕРО КЛУБ КУМАНОВО" MKD.DTO.003 | 29.10.2021 год |
| 6. | "АЕРО КЛУБ КУМАНОВО" ТС -04 Центар за обука на пилоти на едрилица | 29.10.2021 год |
| 7. | "РИМИН ЕР" – ШТИП MKD.ATO.001 | 05.11.2021 год |
| 8. | Параглајдинг клуб "ДЕЛТА" TC/PG 03 | 01.12.2021 год |
| 9. | Параглајдинг клуб "СКАЈ РАЈДЕРС" TC/PG 05 | 01.12.2021 год |

**Регулатива и TWINNING**

Одделението за дозволи и уверенија во текот на 2021 година зема активно учество во TWINING проектот заедно со Хрватската Агенција за цивилно воздухопловство и ги изготви потребните процедури, чек листи и обрасци за успешно имплементирање на PART FCL, ATCO и PART 66. Во рамките на проектот посебен дел беше осврнат на:

Имплементација на регулатива:

- имплементација на регулатива за дозволи на **ИКАО Annex I**;

- Регулатива за континуирана пловидбеност ЕУ.бр.**1321/2014** во врска со **Дел 66** - Дозволи за одржување на воздухоплов и **Дел 147** – Школски центри за обука на персонал за одржување на воздухоплов;
- Регулатива за персоналот на Контрола на летање по **EASA (ЕУ) (2015/340)**
- Летачки персонал EASA **(ЕУ) 1178/2011** - PART FCL регулативата согласно планот за имплементација:
- изучување на регулативата, обука на персоналот, изготвување на работни документи и донесување на Правилникот за PART FCL и утврдување на периодот за транзиција;
- Подготовка за изготвување и имплементација на нов правилник за **АТСЕП** персонал;
- Тековно ажурирање на Упатството и процедурите за работа на Одделението за лиценцирање.
- Изготвување на „стандарди" за стекнување и продолжување на дозволи за управување со безпилотни летала и школски центри за истите;
- Изработка и издавање на Одделенски Приарачник
- Подготовка и издавање на Процедури по однос на областите за издавање на дозволи и уверенија;
- Подготовка и издавање на Обрасци по однос на областите за издавање на дозволи и уверенија;
- Подготовка и издавање на Листи за проверка по однос на областите за издавање на дозволи и уверенија;

Покрај наведените погоре процеси, Одделението континуирано работеше на интерни административни постапки во Агенцијата (извештаи, мислења, анализи, работни групи и сл.), прилагодување на web страната за полесен пристап и подобрување на документација (барања, обрзци, упатства, чек-листи и т.н) која ја користат странките при остварување на своите права во предмети кои се водат пред Агенцијата.

### 3.4. Одделение за воздухопловна медицина

Поради пандемијата со COVID-19 единствениот центар за воздухопловна медицина сместен во ГОБ 8ми Септември кој во исто време беше одреден како "ковид центар" престана со работа во текот на 2020 година поради неможноста да се задоволат меѓународните стандарди на немашање на кандидатите за воздухопловни лекарски прегледи со останатите пациенти. Со цел надминување на овој проблем со подршка на Агенцијата за цивилно воздухопловство и заемна соработка со ГОБ 8ми Септември центарот повторно започна да работи со воздухопловни кандидати во вториот квартал од 2021г.

Со цел намалување на притисокот врз медицинскиот персонал од ГОБ 8ми Септември кој во исто време треба да работат на воздухопловните лекарски прегледни со потполни здрави пациенти и од друга страна со "ковид пациенти", Агенцијата за цивилно воздухопловство во соработка со Министерството за одбрана иницираше сертификација на дополнителен центар за воздухопловна медицина односно АМЕ во Воено Медицински Центар.

И покрај горенаведените околности во кои функционираше одделението за воздухопловна медицина, во текот на 2021г. континуирано беше ангажирано на:

- Поставување на највисоки стандарди во организација, координација и контрола на спроведувањето на позитивните законски прописи од областа на воздухопловна медицина.

- Соработна со странски колеги во врска со медицинската документација на воздухопловен персонал со наши дозволи.
- Водење на регистер на персонал во воздухопловството-евиденција на издадени лекарски уверенија
- Спроведување на испити за прва помош.
- Континуирано следење на психолошко-ментална состојба и здравје на носители на лекарски уверенија.
- Вршење на инспекциски надзор на сите доктори кои се овластени од страна на отсекот на воздухопловна медицина.
- Направен MANUAL со 19 процедури, заедно со форми и чек листи за олеснето работење на отсекот на воздухопловна медицина, според MED-MAN-001 согласно новата регулатива.
- Континуирана медицинска едукација согласно позитивните законски прописи од Министерството за здраство во врска со COVID-19.
- Реализација на активности за имплементација на системот,CAPSCA-систем за координација на меѓународниот воздухопловен одговор на јавноста за ризиците по здравјето.

## IV. СЕКТОР ЗА МЕЃУНАРОДНО-ПРАВНИ РАБОТИ

Секторот за меѓународно-правни работи, реализираше серија на активности од своја надлежност кои беа предвидени со Годишната програма за работа и развој на Агенцијата за цивилно воздухопловство за 2021 година:

4.1 Обврски кои произлегуваат од членството во меѓународни организации и ратификувани конвенции и меѓународни договори

Секторот за меѓународно правни работи продолжи со редовните активности поврзани со меѓународна кореспонденција и постапување по државните писма на ICAO, како и редовно ажурирање на EFOD електронскиот систем за објавување на разлики помеѓу националното законодавство и стандардите и препорачаните практики на ICAO.

Во 2021 година постапено е по 230 предмети од кои:

- седум државни писма кои се однесуваат на предлог амандмани на Анексите на Чикашката конвенција и PANS документите;
- шест државни писма кои се однесуваат на предлог амандмани на Анекси на Чикашката конвенција и PANS документите;
- 37 Државни писма односно Електронски билтени кои што се однесуваат на известувања за безбедносни ситуации, планирани или извршени инспекции од областа на безбедноста и обезбедување, усвојување на документи именување на лица и друго.
- 180 писма од ICAO EUR/NAT како и други видови на државни писма како што се покани за симпозиуми, работилници семинари и други видови на државни писма кои се однесуваат на Чикашката конвенција и PANS документите.

**4.2.Меѓународни активности**

Агенцијата преку Секторот за меѓународно правни работи во текот на 2021 година, учествуваше во подготовка на меѓународните договори и меморандуми, како што се: предлог билатерална спогодба за делегирање на услугите во воздушен сообраќај на Република Албанија, во делот над Охридското езеро и Меморандум за соработка со ICAO USAP/CMA.

Дополнително, секторот изготвува календар на состаноци за директорот и подготвува материјали за учество на директорот и на други претставници на Агенцијата на редовните и специјалните состаноците на ECAC/DGCA, EUROCONTROL како и за конференциите на ICAO.

4.3 Одобрување на летови

Секторот за меѓународно правни работи во текот на 2021 година, ги презеде потребните активности за одобрување на летниот ред на летање за 2021 и зимскиот ред на летање 2021/2022.

Секторот за меѓународно правни работи во текот на 2021 продолжи да постапува согласно член 26 од Законот за воздухопловство, ратификуваните меѓународни договори и Уредбата за посебни услови, начинот и постапката за добивање на одобрение за летање ("Службен весник на Република Македонија" број264/21) во поглед на издавање на одобренија за летање за вршење на редовен и нередовен воздушен сообраќај на авиопревозници кои не се опфатени со ЕЗВО спогодбата, како и летови од генерална авијација. Во текот на 2021 година беа издадени 622 одобрувања за летање од кои 16 за редовен воздушен превоз, 331 за нередовен воздушен превоз и 275 за генерална авијација.

На ЕЗВО авиопревозниците им беше овозможено либерално вршење на воздушен превоз без издавање на одобренија за летање.

За издадените одобренија од генерална авијација, нередовен јавен воздушен превоз како и за редовен јавен воздушен превоз се издава потврда за промена на воздухоплов, промена на датум, промена на линија итн., ако превозникот го побара тоа.

Изготени се Решенија за одобрување на летниот ред на летање за 2021 и зимскиот ред на летање 2021/2022, условени табели за валидност на документација за редовен јавен воздушен превоз и нередовен јавен воздушен, кои се ажурираат постојано.

Исто така, Секторот за меѓународно-правни работи ги изготви табелите за превозниците кои вршат редовен јавен воздушен превоз и кои се поставуваат на веб страната на Агенција за цивилно воздухопловство.

**4.4 Изготвување на законски и подзаконски прописи од областа на воздухопловството – транспонирање на меѓународните воздухопловни стандарди**

Спогодбата за Европска заедничка воздухопловна област-ЕВЗО ги обврзува земјите потписнички во националните законодавни системи да транспонираат листа на регулативи и директиви на ЕУ

кои се приоритетни за воздухопловството. Од друга страна членството во меѓународните организации ICAO, ECAC, Eurocontrol и другите воздухопловни организации налага хармонизација на националните прописи со стандардите и препорачаните практики развиени од овие организации.

Секторот за меѓународно правни работи во текот на 2021 година продолжи со процесот на усогласување на домашната регулатива со ревидираните и новите ЕУ прописи и со усвоените стандарди и препорачани практики на ICAO, ECAC, Eurocontrol и другите воздухопловни организации и обезбедувањето на нивната имплементација.

Во таа насока во текот на 2021 година беше реализирани следните активности:

1. Правилник за изменување на Правилникот за правила и постапки на летање на воздухопловите е донесен и објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 301/21;

2. Уредба за посебните услови, начинот и постапката за добивање одобрение за летање на цивилни и државни воздухоплови е донесена и објавена во „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 264/21;

3. Правилник за посебните услови, начинот и правилата за организирање на натпревари како воздухопловно-спортска дејност е донесен и објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 291/21;

4. Правилник за организација на работното време, времето на летање и времетраењето на одморот на членовите на екипажот на воздухоплов е донесен и објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 291/21;

5. Правилник за начинот, правилата и посебните услови за вршење на надзор на летачки операции, како и посебните услови кои треба да ги исполнува лице за да врши работи на инспектор на летачки операции е донесен и објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 64/21;

6. Уредба за посебните услови, начин и постапка на утврдување на здравствената способност на персоналот во воздухопловството, роковите на важење на лекарските уверенија и посебните услови што треба да ги исполнуваат здравствените установи, овластен лекар поединец, лекар специјалист по општа медицина или лекар специјалист по медицина на трудот, за вршење на здравствени прегледи на персоналот во воздухопловството е донесена и објавена во „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 157/21;

7. Правилник за формата, содржината, евиденцијата и постапката за издавање, продолжување и промена на уверението за исполнување на условите за вршење на здравствени прегледи на персонал во воздухопловството е донесен и објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.291/21;

8. Правилник за персоналот кој врши подготовка и издавање на воздухопловни информации, карти, публикации и процедури на летање е донесен и објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 294/21;

9. Правилник за начинот, правилата и посебните услови за вршење на надзор на здравствената способност и на вршењето на здравствените прегледи на персоналот во воздухопловството е донесен и објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија“бр.84/21;

10. Правилник за проектирање, градба и пловидбеност на воздухоплови е донесен и објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија“бр.301/21;

11. Правилник за формата, содржината, евиденцијата и постапката за издавање и промена на уверението за регистрација на воздухоплов и уверението за привремена регистрација на воздухоплов е донесен и објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.294/21;

12. Правилник за одржување на воздухоплови е донесен и објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.291/21;

13. Уредба zа изменување и дополнување на Уредбата за мерките и процедурите за олеснување во цивилното воздухопловство е донесена и објавена во „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 236/21;

14.Уредба за начинот на давање на услугите на воздухопловна навигација како и посебните услови во однос на потребниот персонал, опремата и другите посебни услови неопходни за безбедно и уредно работење е донесена и објавена во „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 281/2021;

15. Правилник за постапки, процедури и минимум услови за безбедно полетување и слетување на цивилните воздухоплови е донесен и објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.294/21;

16. Уредба за организацијата и користењето на воздушниот простор е донесена и објавена во „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 281/21;

17. Правилник за изменување на Правилникот за заедничките основни правила за дејностите во цивилното воздухопловство е донесен и објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 301/21;

18. Уредба за обезбедување од дејствија на незаконско постапување (Aviation Security) е донесена и објавена во „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 282/21;

### 4.5 Превод и подготовка на дописи

Секторот за меѓународно правни работи продолжи со редовните активности поврзани со превод и ревизија на ЕУ регулативите и директивите со цел подготовка на националната верзија на правото на ЕУ, како и со превод на националните прописи и други документи на/од англиски јазик. Во текот на 2021 година преведени се следните:

ЕУ Регулативи: 2020/1176, 2020/2036, 2019,897, 2020/270, 2019/1383, 2020/1159 и 2021/699.

Останати преводи и подготовка на дописи, како што се:

- Известувања и благодарници до организации за именување на нов директор;
- Одобренија за EUROCONTROL по дописен пат;
- Номинации на вработени до меѓународни организации;
- Оперативни директиви;
- Измена на Законот за воздухопловство
- Превод на вести за интернет страната;
- Превод амандмани на AIP Македонија;
- Листа за евиденција на номинирани лица.

### 4.6 Патнички права

Агенцијата преку Секторот за меѓународно правни работи во текот на 2021 година беа отпочнати 24 постапки за заштита на правата на патниците во случај на забранет влез во воздухоплов, откажување на лет или доцнење. За 18 предмета постапката е завршена, а за 6 сеуште е во тек.

Исто така во текот на 2021 година спроведени се пет редовни инспекциски надзори од областа на заштита на правата на патниците во воздушниот сообраќај и тоа:

- два на Wizzair односно на аеродромскиот оператор ТАВ Македонија кој е овластен во име на Wizzair да ги имплементира пропишаните услови за заштита на правата на патниците од кои еден on-line и еден на аеродром Охрид,

- на Austrian Airlines на аеродром Скопје,

- на AirSerbia на аеродром Скопје, и

- на Pegasus Airlines on-line

### 4.7 Разно

Подготовка на внатрешни процедури за работа на секторот и тоа:

- Документирана процедура за прием, класификација и обработка на државни писма и билтени на ICAO и државни писма на ICAO EUR/NAT;

- Документирана процедура за добивање на одобрение за вршење на редовен, нередовен јавен воздушен превоз и одобрување на летање на воздухоплови од генерална авијација

Спроведено е ажурирање на

- Библиотека (документи, анекси и циркулари )
- Службени весници
- ICAO документи и анекси

Известување за нови изданија на ICAO документи, анекси и циркулари, а доколку е побарано, и по потреба.

## V. СЕКТОР ЗА АЕРОДРОМИ И ВОЗДУХОПЛОВНА НАВИГАЦИЈА

### 5.1. Одделение за аеродромска инфраструктура (ОАИ)

- Во одделението за аеродромска инфраструктура во 2021 година, генерално, се извршуваа следните основни работи:
    - Сертификација на аеродроми, леталишта и терени,
    - Инспекција на аеродроми, леталишта и терени,
    - Регистрација на аеродроми, леталишта и терени,
    - Евиденција на терени (главно за параглајдери и времени терени за хеликоптери)
    - Издавање на податоци и информации за изготвување на плански документации (архитектонски, урбанистички и просторни планови),
    - Издавање на согласности со услови за градба на објекти и планови од аспект на безбедност на воздушниот сообраќај,
    - Евиденција, систематизација и инспекциски надзор на препреките во воздухопловството,
    - Учество во работата на комисии и работни групи во рамките на АЦВ, и
    - Разно (други активности и задачи издадени од директорот на АЦВ и раководителот на Секторот)
- Во рамките на одделението евидентирани се, односно обработени се над **2800 документи** (фајлови) за најразлични предмети, акти, комисии и сл, што е намалување за цца 20%, имајќи ги во предвид ограничувањата во работењето наметнати со пандемијата од Ковид-19 вирусот. Обемот на предмети по години е даден во следната табела:




- Во извештајниот период во регистарот на аеродроми и леталишта на Република Македонија се регистрирани:
    - 2 воздухопловни пристаништа (аеродром "Меѓународен аеродром Скопје" и аеродром "Св. Апостол Павле – Охрид"),
    - 5 спортски аеродроми со тревнати полетно-слетни патеки првенствено наменети за воздухопловно спортски активности како и почетни обуки на пилоти (во Скопје, Битола, Штип, Куманово и Прилеп), и
    - 2 леталишта за стопанска авијација со помали бетонски и тревнати полетно-слетни патеки Логоварди (Битола) и Пеширово (Свети Николе. Во текот на 2020 година нема промени во Регистарот, односно се констатира идентична состојба како и во 2020 година.
- Во **прилог (1)** на овој извештај е дадена и "ОЦЕНКА за *генералната состојба за безбедноста на воздушниот сообраќај во областа на аеродромите и леталиштата во Република Северна Македонија*" .

**Сертификација на аеродроми, леталишта и терени**

- Согласно законските решенија, сертификација на аеродромите се врши на секои 2 години со цел утврдување на условите од страна на операторите за безбедно одвивање на воздушниот сообраќај на аеродромите. Во текот на 2021 година извршено е продолжување на сите издадени Уверенија:
- Воздухопловните пристаништа (во соработка со Одделението за аеродромски услуги):
    - МЕЃУНАРОДЕН АЕРОДРОМ СКОПЈЕ, до 30.09.2023 година, и
    - АЕРОДРОМ СВ. АПОСТОЛ ПАВЛЕ – ОХРИД, до 30.09.2023 година,
- 4 спортски аеродроми и 1 леталиште:
    - Спортски аеродром СКОПЈЕ – СТЕНКОВЕЦ, до 01.04.2023 година,
    - Спортскиот аеродром КУМАНОВО, до 14.08.2023 година,
    - Спортскиот аеродром БИТОЛА, до 01.04.2023 година,
    - Спортскиот аеродро ШТИП, до 01.04.2023 година, и
    - Леталиште ПЕШИРОВО, до 15.06.2023 година.
- За спортскиот аеродром Прилеп не е продолжено уверението за аеродромот заради недоставување на барање за продолжување од страна на операторот – аероклубот Прилеп од Прилеп. Кон крајот на 2021 година отпочнати се градежни активности за уредување – реконструкција со цел негова повторна сертификација.
- Во ОАИ редовно се ажурираат и податоците кои ги доставуваат операторите на воздухопловните пристаништа и спортските аеродроми во нивните Прирачниците за аеродромите, како обврска согласно стандардите.

- Во годишниот план за работа на АЦВ изготвена е и доставена посебна програма – распоред за континуирани надзори за утврдување на исполнетоста на условите за безбедно користење на сите аеродроми и леталишта во 2021 година.

**Инспекција на аеродроми, леталишта и терени**

- Извршено е ажурирање на сите чек листи за инспекциски надзор согласно измените во важечката регулатива кои беа донесени во текот на 2021 година, како и измените во соодветните документи на ИЦАО и ЕАСА.
- До 31.12.2021 година од страна на инспекторите во одделението реализирани се сите планирани инспекциски надзори со вкупно 36 инспекции, и покрај тоа што беше година на пандемијата со вирусот Ковид-19.
- Од инспекциските надзори зададени се вкупно 37 корективни мерки, препораки и забелешки. Спроведувањето на сите мерки, препораки и забелешки се следи со наредните или повторните инспекциски надзори со цел одржување и унапредување на нивото на безбедност на воздушниот сообраќај од аспект на состојба на градежната инфраструктура.
- Сите записници и извештаи се достапни на увид и по еден примерок редовно се доставуваат до операторите, во архивата на АЦВ и кај директорот на АЦВ. овој извештај,
- Операторите на аеродромите, леталиштата и сопствениците на препреките редовно и ажурно постапуваат по записниците и решенијата со кои се зададени корективните мерки како и по забелешките и препораките од извештаите од инспекциските надзори, во зададените рокови, со извесни доцнења кои не се одразуваат значајно на безбедноста на воздушниот сообраќај. Не е одбиена ниту една корективна мерка или препорака и не е доставена ниту една жалба на издадените решенија.

**Регистрација на аеродроми и леталишта и евиденција на терени**

- Во извештајниот период не е доставено ново барање за регистрација на аеродром или леталиште и не се доставени барања за промени во постојните регистрации.
- Во 2021 година извршено е воведување во евиденција на само 1 нов терен за параглајдери (Маврово – Старо бачило) и одобрени се 3 нови времени терени за хеликоптери (Гостивар, Тетово и Палатица).
- Во дел од уписните листови се ажурираат податоците согласно наодите од инспекциските надзори во текот на годината.

**Издавање на согласности со услови за градба на објекти и планови од аспект на безбедност на воздушниот сообраќај.**

Издадени се вкупно **1.137 согласности, мислења, податоци, информации, мислења и согласности со услови за градба** од кои:

- 119 – анкетни лкистови,
- 219 – мислења
- 754 – податоци и информации, и
- 45 – согласности со услови за градба.

- И покрај тоа што и оваа година беше со доста ограничувања во работењето заради кризата со пандемијата Ковид-19, во одделението обемот на работа по тој основ беше зголемен за дури 38% (споредбено со 2020 година кога беа обработени вкупно 823 предмети).

- По ниту едно решение, мислење или согласност, не е доставена жалба и нема

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 18 | 9 | | |

ненаплатени побарувања.

- Предметите во системот за е-Урбанизам имаат значителен удел во активностите на одделението како еден вид на превентива заштита и обезбедување на услови за безбедноста на воздушниот сообраќај од нарушувања во просторот:




**Други позначајни работи и активности**

Во текот на 2021 година вработените од одделението беа ангажирани и како членови или претседатели на повеќе комисии или работни групи формирани од страна на директорот или други позначајни активности во рамки на Агенцијата, а особено:

- учество во комисии за јавни набавки
- прашалници за ИКАО, ЕАСА, ЕКАК, ЈАА...
- Реализација на повеќе обуки и учество во повеќе работилници
- Учество на годишните состаноци на ЕАСА во Келн, Германија
- Учество во активностите за проектот ТВИНИНГ со хрватската Агенција за цивилно воздухопловство.

## 5.2. Одделение за аеродромски услуги

Одделението за аеродромски услуги и покрај рестриктивните услови за работа наметнати од пандемијата со Ковид 19 успешно ги реализира сите предвидени активности од своја надлежност, и тоа:

- Инспекциски надзор (редовен и вонреден) на двете воздухопловно пристаниште - LWSK и LWOH
- Сертификација на Аеродром “Меѓународен аеродром Скопје“ и Аеродром “Св. Апостол Павле – Охрид“
- Издавање на одобрение за вршење земски услуги
- Водење на други управни постапки:
  - издавање на уверение на центри/организации за обука на друг стручен персонал;
  - уверение на центри/организации за обука на опасни материи по воздушен пат;
  - уверение на центри/организации за обука на персонал за снабдување на воздухоплови со гориво и мазиво;

- признавање на обука на персонал стекната во странство;
- одобрување на план за одржување на маневарски површини во зимски услови.
  - Изработка на документација
- Упатства за индустријата за имплементирање на барањата на ICAO и EASA
- Внатрешни процедури за работа и сл.

**Инспекциски надзор (редовен и вонреден) на двете воздухопловно пристаниште - LWSK и LWOH**

За утврдување на исполнетоста на условите за безбедно користење на двете воздухопловни пристаништа, инспекторите во одделението ги реализираа сите 9 (девет) планирани инспекциски надзори, согласно програма за 2021 година, и тоа:

| Извршени инспекциски надзори во текот на 2021 на LWSK | | |
|---|---|---|
| **Бр.** | **Предмет** | **Служби** |
| 1. | (PRM)persons with reduce mobility – Лица со намалена подвижност | Одделение за прифаќање и испраќање на воздухоплови |
| 2. | Passenger handling -п/о на патници | Одделение за прифаќање и испраќање на воздухоплови |
| 3. | Ramp handling -п/о воздухоплов | Одделение за прифаќање и испраќање на воздухоплови |
| 4. | Bird strike - удар со птици | Одделение за прифаќање и испраќање на воздухоплови |
| 5. | Firefighting -ППЗ | Противпожарно одделение |
| 6. | Emergency plan - План за вонредни состојби | Противпожарно одделение |
| 7. | Fuel supply – Опслужување со гориво | Макпетрол |
| 8. | Winter service - Зимска служба | РАТ Одделение – зимска служба |
| 9. | Apron management - Управување со платформа | Одеделение за контрола на операции во контролирана зона |

| Извршени инспекциски надзори во текот на 2021 на LWOH | | |
|---|---|---|
| **Бр.** | **Предмет** | **Служби** |
| 1. | (PRM)persons with reduce mobility – Лица со намалена подвижност | Одделение за прифаќање и испраќање на воздухоплови |
| 2. | Passenger handling -п/о на патници | Одделение за прифаќање и испраќање на воздухоплови |
| 3. | Ramp handling -п/о воздухоплов | |
| 4. | Bird strike - удар со птици | Одделение за прифаќање и испраќање на воздухоплови |
| 5. | Firefighting -ППЗ | Противпожарно одделение |
| 6. | Emergency plan - План за вонредни состојби | Противпожарно одделение |
| 7. | Fuel supply – Опслужување со гориво | Макпетрол |
| 8. | Winter service - Зимска служба | Противпожарно одделение |

| | | |
|---|---|---|
| 9. | Apron management - Управување со платформа | Одделение за прифаќање и испраќање на воздухоплови |

Покрај горенаведените реализирани испекциски надзори, во рамките на постапката за Сертификација на аеродромите беа извршени 2 (два) вонредни инспекциски надзори и тоа:

| **Извршен вонреден инспекциски надзори на LWSK** | | |
|---|---|---|
| **Бр.** | **Предмет** | **Служби** |
| 1. | SMS (Safety management system) / Систем за управување со безбедноста на аеродром | Служба за безбедност на аеродром |

| **Извршени вонредни инспекциски надзори на LWOH** | | |
|---|---|---|
| **Бр.** | **Предмет** | **Служби** |
| 1. | SMS (Safety management system) / Систем за управување со безбедноста на аеродром | Служба за безбедност на аеродром |

Во текот на редовните и вонредните инспекциските надзори во 2021 година не се изречени административни мерки (корективни мерки) бидејќи не се утврдени поголеми неправилности или несогласности со домашните прописи и меѓународните стандарди, и од тие причини беа изречени само препораки.

Сите извештаи се достапни на увид кај инспекторот, и по еден примерок редовно се доставува до операторот на аеродром и во архивата на АЦВ.

Раководителот на ОАУ уредно води детален преглед на сите инспекциски надзори (реализирани,нереализирани, редовни и вонредени), систематизирани на годишно ниво, по месеци.

**Сертификација на Аеродром "Меѓународен аеродром Скопје" и Аеродром "Св. Апостол Павле – Охрид"**

Согласно законските решенија, сертификација на аеродромите се врши на секои 2 години со цел утврдување на условите од страна на операторите за безбедно одвивање на воздушниот сообраќај на аеродромите.

Во 2021 година ОАУ спроведе управната постапка по барањето на ТАВ за сертификација на двете воздухопловни пристаништа, при што издаде решение и уверение за:

1. Аеродром "Меѓународен аеродром Скопје", со важност до 30.09.2023 година.
2. Аеродром "Св. Апостол Павле – Охрид", со важност до 30.09.2023 година.

Во ОАУ редовно се ажурираат и податоците кои ги доставуваат операторите на воздухопловните пристаништа во нивните Прирачниците за аеродромите, како обврска согласно стандардите.

**Издавање на одобрение за вршење земски услуги**

Во рамките на законската надлежност за издавање одобрение за вршење земски услуги, во декември 2021 година инспекторите во ОАУ започнаа управна постапка по барањето на Екс Фикс

за давање земски услуги - снабдување на воздухоплови со гориво и мазиво на "Меѓународен Аеродром Скопје".

Поради фактот дека барањето е поднесено во декември 2021 година, управната постапка ќе продолжи во 2022 година. По комплетирање на документацијата и следствено на тоа спроведување на инспекциски надзор за исполнување на законските и подзаконските барања, управната постапка ќе биде решена во 2022 година.

**Продолжување на Уверение на Макпетрол за вршење обука на персонал за снабдување на воздухоплови со гориво и мазиво**

По барање на Макпетрол, инспекторите во ОАУ започнаа управна постапка за продолжување на Уверение на Макпетрол за вршење обука на персонал за снбдување на воздухоплови со гориво и мазиво. По извршената проверка согласно законските барања и меѓународните стандарди на IATA, JIG, издадено е решение за продолжување на уверението, со што управната постапка е успешно завршена.

**Водење на други управни постапки**

Инспекторите од ОАУ, во текот на 2021 година решаваа и по следните 3 (три) предмети во управна постапка, и тоа по следниве барања:

1. Барање за одобрување на план за одржување на маневарските површини во зимски услови на "Меѓународен Аеродром Скопје" ;
2. Барање за одобрување на план за одржување на маневарските површини во зимски услови на Аеродром "Св. Апостол Павле" и
3. Барање за признавање на обука на персонал стекната во странство, на Екс Фис (во тек, ќе продолжи 2022 година)

Управните постапки по барањата од точка 1 и точка 2 се навремено и успешно решени, со донесување на решение.

Поради фактот дека барањето под точка 3 е поднесено во декември 2021 година, управната постапка ќе продолжи во 2022 година. По комплетирање на документацијата и следствено на тоа спроведување на инспекциски надзор за исполнување на законските и подзаконските барања, управната постапка ќе биде решена во 2022 година.

**Изработка на документација**

1. *Прирачник на ОАУ* - Во текот на 2021 година изработен е Прирачник со сите процедури кои се користат во ОАУ, со цел да се унифицираат и стандардизираат процесите и активностите на вработените во секојдневното извршување на работните задачи, како и олеснување за спроведување на барања и постапки од страна на индустријата.
   Прирачникот се очекува да биде донесен во 2022 година.

2. *Упатства за индустријата* - Изготвени се 5 (пет) упатства кои ќе му помогнат на аеродромскиот оператор правилно имплементирање на барањата на ICAO и EASA во делот на:
   - справување со животински свет на аеродром,
   - имплементација на СМС на аеродром,
   - изработка на воздухопловна студија,
   - сертификација на аеродромите по EASA и

- давање на услуги поврзани со снабдување на воздухоплови со гориво и мазиво.

Упатствата се подготвени во текот на 2021 година, и се очекува истите да бидат донесени во 2022 година.

3. *Внатрешни процедури за работа на ОАУ* - Изготвени се 6 (шест) процедури и тоа за:
   - издавање на одобрение за земски услуги
   - издавање, продолжување, обновување или промена на уверение на организации или центри за вршење обука на друг стручен персонал
   - имплементација на надлежноста во однос на давањето на аеродромски услуги согласно член 82-в, 82-г, 82-ѓ, 82-е и 82-љ од Законот за воздухопловство (4 процедури)

4. *Чек листи* - Редовно се врши ажурирање на чек листите согласно новите барања на ICAO, IATA, ЕУ, EASA. Исто така, изработени се 4 (четири) чек листи во управна постапка (1. издавање одобрение за земски услуги, 2. признавање на обука на персонал стекната во странство, 3. сертификација на аеродроми, 4. СМС). Согласно барањата на ICAO изработена е нова чек листа (checklist for ground servicing of aircraft).

5. *Подготовка на стручно мислење* - ОАУ навремено и квалитетно доставува податоци и изработува мислења по однос на документи/информации доставени од МТВ, ВРСМ и други институции.

**Евиденција/регистар**

ОАУ уредно и навремено ја спроведува постапката за издавање, продолжување, обновување или промена на уверение на организации или центри за вршење обука на друг стручен персонал.

Во рамките на исполнување на својата надлежност ОАУ воспостави е-евиденција/регистер на организации/центри, на кои им е издадено уверение за обука на:

- персонал за прифаќање и испраќање на воздухоплови, патници, багаж и стока
- опасни материи по воздушен пат,
- персонал за снабдување на воздухопловите со гориво и мазиво

Е-евиденција/регистар овозможува уреден и детален преглед на сите валидни уверенија, продолжени, обновени или изменет, измени во програмите за обука, измени во раководната структура и сл. (промени кои подлежат на одобрување и промени за кои е потребно само известување); уредно и брзо ажурирање на неопходните податоци со податоците согласно наодите од инспекциските надзори во текот на годината.

**Соработка/членство со меѓународни организации и домашната воздухопловна индустрија**

Инспекторите во ОАУ соработуваат со меѓународни организации, и тоа со

- EASA, преку членство во Технички комитет (ТеВ) и
- ECAC, преку учество во Европската координативна група за олеснување (ECG-FAL).

Други активности кои се дел од редовните активности на инспекторите од ОАУ се:

- организирање и учество на состаноците на Националниот комитет за олеснување во цивилното воздухопловство и
- учество на состаноците на Аеродромските Комитети за безбедност и олеснување во Скопје и Охрид.

**Учество во работни групи, комисии и слично**

Во текот на 2021 година вработените од ОАУ беа ангажирани и како членови или претседатели на повеќе комисии или работни групи формирани од страна на директорот или други позначајни активности во рамки на Агенцијата, и тоа:

- Комисијата за продолжување на Уверенијето за исполнување на услови за безбедно користење на двата аеродроми во земјава
- Комисија за истрага на безбедносен настан
- Комисија за исполнување на барањата ICAO во однос на USOAP (self-assessment)
- Комисија за исполнување на барањата ICAO во однос на SSP
- внатрешни комисии на АЦВ
- предлог закони и подзаконски акти, оперативни директиви од областа на аеродромски услуги, во насока на транспонирање на меѓународни стандарди и препораки на ICAO, EASA, EU, IATA, ECAC

**Обуки**

Во 2021 година вработените во ОАУ, преку Twining проектот со хрватските воздухопловни власти, беа на посета и on job обука во Агенцијата за цививлно воздухопловство во Загреб и во аеродромот во Задар,

Поради настанатата пандемија со вирусот Covid-19, вработенит во ОАУ учество во обуките и работилниците кои воздухопловните организации ги организираа по елетронски пат (On line).

## 5.3. Одделение за воздухопловна навигација

Одделението за воздухопловна навигација во текот на 2021 година реализираше голем број активности поврзани со начинот на давање на услуги на воздухопловна нагивација, како и посебните услови во однос на потребниот персонал, опремата и другите посебни услови неопходни за безбедно и уредно работење во делот на:

10.1. Инспекција над исполнетост на условите, како и општите услови на дavателот на услуги во воздухопловна навигација кои активности ги извршува Одделението за воздухопловна навигација во соработка со потребни експерти/инспектори од други одделенија во Агенцијата за цивилно воздухопловство од одредени области. Овие активности се реализираа во континуитет, преку цела година.

10.2. Надзор над тековното исполнување/придржување на условите, како и општите услови на давателот на услуги во воздухоповна навигација кој Агенцијата го врши преку редовен инспекциски надзор според планот и програмата на одделението за воздухопловна навигација во делот на:

а) техничка и оперативна стручност и оспособеност,
б) организациона структура и управување,
в) систем за управување со безбедноста
г) услови за постигнување, обезбедување и подобрување на безбедноста,
д) безбедносни услови за проценување и ублажување на ризици по однос на измените,

ѓ) услови за давање на услуги на контролата на летање (работни методи и оперативни процедури),
е) услови за безбедност за инженерскиот и техничкиот персонал кои вршат должности поврзани со оперативната безбедност (работни методи и оперативни процедури),
ж) услови за давање на метеоролошки услуги во воздухопловството (работни методи и оперативни процедури),
з) услови за обезбедување на услуги за воздухопловни информации (работни методи и оперативни процедури) и
ѕ) услови за давање на комуникациски, навигациски и надзорни услуги (работни методи и оперативни процедури).

Овие активности се реализираа во текот на целата година, а за динамиката на истите, Одделението изготви план за инспекциски надзори за тековната година.

10.3. Проверка над тековното исполнување/придржување на условите како и општите услови на давателот на услуги во воздухопловна навигација преку вонреден инспекциски надзор. Активностите се извршуваа периодично, зависно од планираните и настанати промени кои се дел од работењето на давателот на услуги на воздухопловна навигација.

10.4. Инспекција над исполнетост на условите за издавање, продолжување, обновување или промена на уверението за вршење на обука на персонал на контрола на летање, организациите или центрите за обука во Република Северна Македонија.

10.5. Надзор над усогласеноста и исполнување на пропишаните услови на организациите или центрите за обука на персоналот на контрола на летање.

10.6. Инспекција и надзор над исполнување на пропишаните услови над другите одобрени организации или центри за обука на персоналот кој е дел од работењето на давателот на услуги во воздухопловна навигација (MET,AIS,CNS).

10.7. Разгледување, постапување и архивирање по основ на добиените безбедносни настани од страна на давателот на услуги во воздухопловна навигација. Одделението за воздухопловна навигација преку вонредни инспекциски надзори ги извршуваше овие активности, во текот на цела година.

10.8. Разгледување, постапување и одобрување на добиените безбедносни проценки за проценување и ублажување на ризици по однос на измените кај давателот на услуги во воздухопловна навигација.
Одделението за воздухопловна навигација преку редовни и вонредни инспекциски надзори ги реализираше овие активности во текот на цела година.

10.9. Разгледување, постапување, одобрување и ажурирање на измените во воздухопловниот зборник AIP добиени од страна на давателот на услуги во воздухопловна навигација.

10.10. Управни постапки кои произлегуваат од работењето на давателот на услуги на воздухопловна навигација за подобрување на безбедноста во однос на измените на работните методи и оперативните процедури во одделението за безбедност, секторот на контролата на летање (ATCO,FD,AIS,MET,FLOW,RCO), сектор за техника (CNS).

10.11. Имплементација на новите директиви и регулативи за изготвување на прирачници, процедури за работењето на одделението на воздухопловна навигација и поддршка и заедничка соработка за надзор над давателот на услуги во воздухопловна навигација.

10.12. Подготовка на план и процедури за планот за ефикасност кои ги вкучуваат безбедност, капацитет, окружување, економичност, имплементација на истиот.

10.13. Инспекции по основ на подготвениот план за ефикасност.

10.14. Подготовка на план за имплементација и PBN процедури.

10.15. Активности со EASA во делот на ATM/ANS за стандардизација (прашалници и друго),

10.16. Имплементација на новите транспонирани регулативи на Европската комисија што подразбира подготовка на процедури и чек листи.

10.17. Соработка и размена на експерти/инспектори од одбласта на воздухопловна навигација, заеднички инспекции, надзор и обука за работа со држави со кои Агенцијата за цивилно воздухопловство има договор за соработка. Овие активности се извршуваа согласно планот за инспекции на одделението за воздухопловна навигација.

10.18. Тековни работни задачи кои произлегуваат од секојдневната работа на Одделението за воздухопловна навигација.

10.19. Активности поврзани со ICAO USOAP.

***ПРОЕКТИ ЗА ТЕХНИЧКА ПОМОШ***

1. Активно учество во проектот на EUROCONTROL – Support to state кој се води од Агенцијата за цивилно воздухопловство.

2. Активно учество во проектите на EASA.

## 5.4. Одделение за потрага и спасување и истражување на инциденти и настани

Одделението за потрага и спасување и истражување на инциденти и настани во текот на 2021 ги извршуваше следните работни процеси:

**Во делот на тековните активности на одделението :**

- подготовки и учество на редовните состаноци на Координативниот центар за спасување;
- постапување по препораките од сателитскиот систем Cospas-Sarsat;
- изврши квартални комуникациски проверки преку поединечните функционални системи на субјектите во SAR системот;

- тековно ажурирање на Оперативниот план на RCC и Зборникот на воздухопловни информации на РМ од областа на SAR и пријавување на воздухопловни настани;
- учевствуваше во работата на регионалниот комитет за потрага и спасување – RASARAC (работни групи 1-4);
- учествуваше во работата на ICAO EUR SAR/TF групата за изработка на
  - o *Standardized Training Program (STP) for the Search and Rescue (SAR) Inspectorate Staff*
- o *Specific Chapter for Inspector's Handbook to cover Standardized Inspection Procedures for SAR Inspectorate Staff ;*
- активности за усогласување на предлог SAR договорот за соработка со Р. Грција;
- прием, документирање и анализа на извештаи за настани во цивилното воздухопловството;
- подготовки за транспонирање на Регулатива (ЕУ) бр. 376/2014 и Регулатива за спроведување (ЕУ) бр. 2015/1018;
- ажурирање и складирање на пријавените настани на базата на податоци ECCAIRS;
- преглед на безбедноста врз основа на евиденцијата на настани во базата на податоци и креирање на тренд анализа;
- учествуваше во работата на Одборот за безбедност при АЦВ;

**Во делот на вежбовни активности:**

- комуникациски вежби на RCC со примарните SAR единици (шестмесечно)
- комуникациски тест/проверка со соседните RCCs (шестмесечно)
- комуникациски тест/проверка со секундарните SAR субјекти (годишна)
- cospas -sarsat тест/проверка (месечно)

**Учество во работни групи, комисии и слично**

Персоналот од одделението учествуваше во работата на комисии, работни групи и други активности од надлежноста на Агенцијата за цивилно воздухопловство.

## VI. СЕКТОР ЗА АДМИНИСТРАТИВНИ И ОПШТИ РАБОТИ

Во рамките на референтниот период спроведени се низа активности поврзани со планирање, организирање, насочување и координација во Секторот за административни и општи работи, преку методолошка, организациска и техничка поддршка на одделенијата во неговиот состав што го вклучува организирањето на процесите за спроведување на нормативно-правни и стручно-административни работи во врска со работните односи, управувањето со човечките ресурси и другите правни прашања, подготовката на мислења и анализи за прашања поврзани со одредени политики и со остварувањето на програмата за работа на Агенцијата.

Во однос на организационата единица – Одделение за информатички технологии и телекомуникации, се водеше грижа за проектирање, инсталирање, одржување и развој на целокупниот информатички систем во Агенцијата.

Водењето на општите и заеднички работи во Агенцијата, подразбираше нивно тековно организирање и водење сметка да бидат исполнети покрај редовните и сите пропишани здравствени протоколи и стандарди, имајќи ја предвид здравствената криза што ја предизвика Ковид вирусот во 2021 година.

Како гаранција за законското постапување беше спроведување на детална контрола и надзор на секој акт, постапка и дејствие одделно во секоја составна единицана Секторот.

### 6.1. Одделение за правни работи и управување со човечки ресурси

Согласно Годишната програма за работа и развој на Агенцијата за цивилно воздухопловство за 2021 година спроведени се низа активности кои произлегуваат од областите поврзани со Законот за воздухопловство ("Службен весник на Република Македонија"бр.14/2006, 24/2007, 103/2008, 67/2010, 24/2012, 80/2012, 155/2012, 42/2014, 97/2015, 152/2015, 27/2016, 31/2016, 64/2018 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.220/2019), Законот за работни односи („Службен весник на Република Македонија" број 62/2005, 106/2008, 161/2008, 114/2009, 130/2009. 50/2010, 52/2010, 124/2010, 47/2011, 11/2012, 39/2012, 13/2013, 25/2013, 54/2013, 170/2013, 187/2013, 113/2014, 20/2015, 33/2015, 72/2015, 129/2015, 27/2016, 134/2016, 120/2018, „Службен весник на Република Северна Македонија" број 110/2019, 267/2020, 151/2021 и 288/2021), Законот за вработени во јавен сектор („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.143/19 и 14/2020), Законот за административни службеници ("Службен весник на Република Македонија"бр.27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, 11/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/19, 14/2020 и 215/2021) и другите законски и подзаконски акти поврзани со развојните програми и проекти од овие области.

Во текот на 2021 година се донесени неколку измени на актите за организација и систематизација, земајќи ги притоа во предвид стандардите и препорачаните практики на ИКАО кои се однесуваат на системите за цивилно воздухопловство на државите, а кои наложуваат регулаторните тела за цивилно воздухопловство да исполнуваат одредени минимални услови (образование, обука, техничко и оперативно знаење, искуство и квалификации) во однос на персоналот кој е вклучен во вршење на регулаторните активности, согласно потребите на Агенцијата кои се однесуваат на рационално и ефикасно планирање на кадарот.

Во таа насока беа донесени измени во организациониот дел на воздухопловната медицина, аеродромската инфраструктура, аеродромските услуги и во делот на прибирање и чување на документацијата и стручната литература.

Во рамките на Одделението за правни работи и управување со човечки ресурси, секој вработен согласно описот на неговото работно место ги реализираше работните задачи предвидени во актот за систематизација, согласно потребите наметнати од законите и подзаконските акти кои се однесуваат на делокругот на работењето на Агенцијата, притоа водејќи грижа за изготвување на комплетна правна документација за преземените активности и постапки.

Во текот на 2021 година, почнувајќи со првата на 26 јануари и завршувајќи со последната на 30 декември, Управниот одбор одржа 13 седници на кои присуствуваше и раководителот на одделението во чии работни задачи е опфатено и следењето на седниците, вклучувајќи го и изготвувањето на сите акти кои произлегуваат од нив, односно изготвување на Одлуки, Записници, Заклучоци, Извештаи, како и давање усни правни мислења по потреба и по барање на членовите и претседателот.

Годината што измина, го опфати донесувањето на измените на Годишниот план за вработување, разгледувањето на бараните податоци во однос на приходите, расходите и трошоците за 2019 и 2020 година и планираните приходи и расходи во 2021 година, измените на Тарифникот, Усвојувањето на Извештајот за реализација на Годишната програма за работа и развој на АЦВ за 2020 год. и финансиско-сметководствениот извештај за 2020 година, Годишната програма за

работа и развој за 2021, Годишниот финансиски план за 2021г., Финансискиот извештај за реализација на приходи и расходи за првите 6 месеци од 2021 и проекција за последните 6 месеци од 2021, како и многу други правни документи чие изготвување и спроведување во целост го изврши Одделението за правни работи и управување со човечки ресурси.

Согласно Годишниот финансиски план на Агенцијата и Годишниот план за вработување, спроведени се 5 постапки за вработување од кои три со преземање (две од нив со К 5 програмата), а две согласно Законот за административни службеници и Законот за работни односи, што ја опфаќа постапката од објавувањето на Огласот до склучувањето на Договор за вработување.

Агенцијата отпочна и постапка за продажба на деловен простор добиен врз основа на судска одлука.

Тековни активности кои беа реализирани:

- Подготвувањето на материјалите и анализите од значење на примена во законодавството, водењето на кадровски постапки и персонални досиеја, спроведувањето на постапки за привремени вработувања, спроведување на постапки за склучување на договори со физички лица преку авторска Агенција и др.;
- учество во подготовка на Годишната програма за работа и развој и Годишниот извештај за реализација на програмата за работа и развој во рамките на своите надлежности;
- Донесувањето на акти и превземањето на активности поврзани со справување и спречување на внесување и ширење на Коронавирусот COVID 19 согласно насоките на Владата на Република Северна Македонија и потребите на Агенцијата;
- Постапување и примена на одредбите од Законот за слободен пристап и информации од јавен карактер, согласно кој беше постапено по поднесени пет барања од правни и физички лица;
- Реализација на политиката на човечки ресурси и јакнење на капацитетитот на Агенцијата со донесување и примена на Стратегијата за управување со човечки ресурси за периодот 2021-2025г.
- Тековна писмена комуникација со државни институции и други правни субјекти;
- Давање на правни мислења во рамките на барањата и за потребите на Агенцијата;
- Изработување на решенија, договори и други правни акти кои произлегуваат од областа на работните односи (Решенија за платено отсуство по разни основи, Решенија за годишни одмори, Решенија за службени патувања, Решенија за обука, Решенија за стручно усовршување и сл.);
- Остварување на правата од здравствено и социјално осигурување на вработените во Агенцијата, како и извршување на сите активности поврзани со архивското работење;
- Изготвување на Полномошна, Соопштенија, Известувања, Номинации, Наредби и Овластувања по разни основи;
- Доставување на податоци за соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците и податоци за половата структура и степенот на образование на вработените во Агенцијата за цивилно воздухопловство до Народен правобранител, како и Извештаи до соодветните органи од разни области;

- Постапување по претставките и предлозите согласно Законот за постапување на претставките во законски утврдените рокови;
- Примена на политиките, практиките и системите за човечки ресурси, како и тековно ажурирање на Информациониот систем за човечки ресурси на Министерството за информатичко општество и администрација.

Заради запазување на законската обврска за одбирање, зачувување и селектирање на архивскиот материјал од трајна вредност на Агенцијата за цивилно воздухопловство и постапување по Решението од Државен архив на РСМ, целосно спроведена е постапката за одбирање на архивскиот материјал од трајна вредност од документираниот материјал за периодот од 2014год. до 2019год.

Архивата во рамките на Одделението за правни работи и управување со човечки ресурси во текот на 2021 година работеше тековно, согласно описот на работните задачи во актите за организација и систематизација со што во целост беа применети Законот за архивско работење и Уредбата за канцелариско и архивско работење.

### 6.2. Одделение за информатички технологии и телекомуникации

Одделението за информатички технологии и телекомуникации своите активности за 2021 година ги заснова на обезбедување на ефикасно, ефективно, квалитетно извршување на активностите поврзани со одржување и функционирање на мрежата, софтверските решенија и хардверските компоненти на целокупниот ИТ систем во Агенција за цивилно воздухопловство. Исто така реализираше и обука на вработените за новите ИТ решенија и компоненти.

Во таа насока во 2021 година во рамки на Одделение за информатички технологии и телекомуникации се реализираа активности за нормално функционирање на целокупнио ИТ систем.

Одделението за информатички технологии и телекомуникации во текот на 2021 година има извршени следните активностите за:

- проектирање и набавување на нови хардверски уреди како: десктоп компјутери, периферна опрема (принетри, скенери, копири) за потребите на Агенцијата и нивно инсталирање;

- одржување на функционалноста на постоечките софтверски и хардверски компоненти во Агенцијата (сервери, десктоп компјутери, печатачи, мрежна опрема и друга периферна опрема).

- одржување и ажурирање на веб страната и порталот на Агенцијата;

- одржување на сите профили на Агенцијата и на вработените во Меѓународни организации како што се ICAO, EASA, и др;

-одржување на исправноста и функционалноста на постоечките софтверски и хардверски компоненти во Агенцијата (сервери, десктоп компјутери, печатачи, мрежна опрема и друга периферија).

- техничка подршка за ажурирање на податоците и документите во електронската библиотека и интернет страна на Агенцијата;

- извршување на стручно оперативни работи со секојдневно одржување на базите на податоци што вклучува: следење на настаните во базите на податоци, зачувување на податоците и преземање на мерки во случај на нефункционирање на базите на податоци;

- прибирање и евидентирање на стратешки податоци на Агенцијата, документи за проекти, планови и задолженија кои се однесуваат на Агенцијата;

- активности за заштита на мрежата и хардверските компоненти на Агенцијата од надворешни упади (Сајбер напади), со надградба на постоечките антивирус лиценци, како и воведување на нови процедури како и ажурирање на постоечките за безбедност на мрежата и податоците ( антивирус, неовластен пристап од надвор и внатре);

- активно учество во разни комисии и работни групи како што се комисии за јавни набавки, посебно во делот на набавка на ИТ опрема софтверска и хардверска, работни групи за проценка на ризик од напади и други.

## VII. СЕКТОР ЗА ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ И ЕКОНОМСКИ НАДЗОР

Секторот за финансиско работење и економски надзор, под чија надлежност работат Одделението за материјално – финансиски работи; Одделот за економски надзор, план и развој; Одделението за јавни набавки; во текот на 2021 година успешно ги обавуваше зададените и планирани активности, во согласност со законската регулатива и прифатените меѓународните стандарди за делотворно извршување на активностите и остварување на поставените цели:

- изработка на трошковници за надоместок за надзор врз воздухопловната навигација и аеродромската инфраструктура во РМ како основ за финансисрање на АЦВ;
- изработката на проект за обезбедување на приходи по основ на патничка карта согласно очекуваните промени во Законот за воздухопловство во член 12 и доставување во постапка;
- редовно вршење на контрола за реализацијата на Планот за јавни набавки како и активно учество во издавањето согласности за расположливост со финансиски средства за реализација на активностите кои произлегуваат од Планот за јавни набавки;
- изработка и целосна припрема и анализа со следење и споредбени показатели од минати години при изработка на Финансискиот план на Агенцијата за цивилно воздухопловство за 2022 година.
- Изработка на анлиза за влијанието на пандемијата и Covid 19 врз финансиската стабилност на Агенцијата со проекција на финансиските резултати како основа за преземање на мерки во работењето во 2021 година.

### 7.1. Одделение за материјално – финансиски работи

Согласно предвидените активности и проекти во годишната Програма за работа и развој на Агенцијата за цивилно воздухопловство за 2021 година, Одделението за материјално – финансиски работи како дел од Секторот за финансиски работи и во рамките на своите надлежности успешно, но во намален обем согласно условите на работа предизвикани од пандемијата со Ковид 19, ги реализира планираните активности. Работата на Одделението се темели и основа врз позитивните законски прописи, актуелните законски одредби и регулативи во Република Северна Македонија, прифаќајќи и применувајќи ги законските одредби за финансиско работење како и прифатените Меѓународни сметководствени стандарди за финансиско известување – (МСФИ).

Во низата редовни, но и вонредни активности предизвикани од пандемијата со Covid 19, кои ги извршува Одделението за материјално - финансиски работи, вклучени се активности што се однесуваат на извршување на основната дејност на Агенцијата, односно активности кои вклучуваат следење и евиденција на остварениот приход кои се извор на финансирање на

Агенцијата, од една страна, и истовремено следење и евиденција на реализираниот расход за обавување на дејноста во насока на остварување на поставените цели, задачи и предвидени активности.

Активностите на Одделението за материјално – финансиски работи кои учествуваат во целокупното работење во 2021 година опфаќаат:

- согласно Законот за сметководствено работење, навремено, прецизно и точно спроведување, односно сметководтсвено евидентирање на сите настани во главната книга;
- евидентирање се сите управни постапки како и нивно следење до конечно завршување на постапката;
- во текот на 2021 година евидентирани се сите 50 девизни и 216 денарски изводи од сметките на кои работи Агенцијата кај деловните банки, како и сите изводи за следење на средствата на наменските сметки и картичките со кои располага Агенцијата за цивилно воздухопловство;
- изработени, контролирани и соодветно евидентирани се сите документи поврзани со девизно и денарско благајничко работење, кои во 2021 година вклучуваат изработка и евиденција на 32 дневници на благајна за денарско работење и 10 дневници на благајна за девизно работење;
- обработени се вкупно 469 влезни фактури од добавувачи, ликвидирани и евидентирани на соодветна сметководствена евиденција;
- изработени се вкупно 460 излезни фактури до домашни и странски добавувачи, истите се усогласени со управните постапки и евидентирани на соодветна сметководствена евиденција;
- целосно е спроведен процесот на материјална евиденција на магацин – (прием, евиденција и трошење на материјали);
- евидентирани се сите приливи по основ на прелети (CRCO), како и приливи кои Агенцијата за цивилно воздухопловство ги остварува врз основ на наплата на надоместоци од Тарифник, согласно Законот за воздухопловство;
- пресметани и изготвени се 12 плати, кои вклучуваат целосна обработка на работните часови,отсуства и боледувања, како и задршки по разни основи за вработените во Агенцијата за цивилно воздухопловство како и пресметка и исплата на надоместоци за членоците на Управен одбор исплатени преку системот за електронска пресметка на персонален данок;
- во текот на целата година редовно е изработувана анализа на целокупната документација поврзана со потрошувачката на гориво на службените моторни возила со кои располага Агенцијата за цивилно воздухопловство;
- редовно се вршени усогласувања на сметководствената евиденција со надворешните соработници;
- одделението во текот на цела година остварува меѓусебна соработка со останатите Сектори и Одделенија во Агенцијата при следење на наплата на побарувањата и услови за покренување на тужби за наплата на спорни и сомнителни побарувања;
- во континуитет се врши следење на процес на наплата и евиденција на побарувања преку извршни постапки од извршители, за побарувања кои потекнуваат од минати години;
- применети се процедурите за постапување во случај на пријава за штета и нејзина реализација;
- учество во изработка на податоци и анализа на споредбени показатели од минати години при ирабoтка на Финансискиот план на Агенцијата за цивилно воздухопловство за 2022 година;

- изработена е целосна припрема на документи за спроведување на попис за 2021 година како и соодветна евиденција на настаните кои произлегуваат од конечните извештаи на пописната комисија;
- се врши целосно усогласување на сметководствена со фактичка состојба, како и спроведување на сите донесени одлуки со реализација на пописот за 2021 година;
- изработена е Годишна завршна сметка за годината која завршува на 31.12.2021 и Извештај за остварениот финансиски резултат на Агенцијата за цивилно воздухопловство за 2021 година, кој е составен дел од финансиските извештаи согласно законските прописи во Република Северна Македонија;
- спреведена е ревизија на Финансиски Извештаи за 2020 година и добиено е позитивно мислење за работењето на Агенцијата за цивилно воздухопловство, согласно законските одредби и истиот е доставен до Собранието на Република Северна Македонија согласно барањата на Законот за воздухопловство;
- согласно Законот за пријавување и евиденција на обврски, до министерството за финансии редовно се доставувани месечни извештаи преку електронскиот систем ЕСПЕО;
- активно учество во изработката на Годишниот план за Јавни набавки за 2022 година, преку анализа на реазлизираните јавни набавки;
- учество во изработка на Финансискиот план за 2022 година на Агенцијата преку анализи и планирања на финансиските средства за реализација на активностите во Годишната програма за работа и развој на Агенцијата за цивилно воздухопловство за 2022 година.

### 7.2 Одделение за економски надзор план и развој

Одделението за економски надзор, план и развој во текот на 2021 година извршуваше активности согласно Програмата за работа и развој на Агенцијата за цивилно воздухопловство за 2021 година, реализирана преку Планот за инспекциски економски надзор и изработени чек листи за давателот на услуги на воздухопловна навигација и давателот на аеродромски услуги.

Инспекциите се вршат согласно препораките на ICAO за јакнење на економскиот надзор на субјектите во воздухопловството и се состојат од активности поврзани со инспекциски контроли на економската стабилност и условите за добивање на потребните уверенија и дозволи за работа, како и нивно следење.

Економскиот надзор над субјектите во воздухопловството се вршеа со следење на принципите и правилата утврдени:

- ICAO Doc. 9082 – Policies on Charges for Airports and Air Navigation Services,
- ICAO Doc. 9161 – Manual on ANS Economics,
- Doc. 9562 – Airport Economics Manuel,Транспонираните ЕУ регулативи,
- Законот за воздухопловство.

Во 2021 година согласно Планот за економски надзор година извршени се следните инспекциски економски надзори :

- Инспекциски економски надзор над на ТАВ Македонија на финансиските извештаи за четврти квартал 2020 година број 05 – 87/1 од 25.01.2021 година и Извештај за економски надзор број 05 – 87/2 од 28.01.2021 година,
- Инспекциски економски надзор на ТАВ Македоија на финансиските извештаи за прв квартал од 2021 година број 05 – 495/1 од 20.05.2021 година и Извештај за економски надзор над финансиските извештаи број 05 – 495/2 од 08.06.2021 година,

- Инспекциски економски надзор по добиен Стратешки маркетиншки план на ТАВ Македонија број 12 – 361/1 од 14.04.2021 година, по барање на Министерството за транспорт и врски и донесено извештај – мислење број 12–361/2 од 12.05.2021 година за истиот,
- Инспекциски економски надзор на Годишниот финансиски извештај на ТАВ Македонија за 2020 година, број 05 – 396/1 од 22.04.2021 година и изработка на Извештај од инспекцискиот надзор број 05 – 396/2 од 08.06.2021 година,
- Редовен инспекциски надзор на ТАВ Македонија ДООЕЛ, по Решение бр.05-559/1 од 07.06.2021 година и Извештај за економски надзор бр.05-559/2 од 27.07.2021 година,
- Согласно „Годишниот план на активности/инспекција" како и годишниот план на активности за барани извештаи и други документи, во делот на економскиот надзор беше извршено и реализација на финансирањето на Агенцијата, од аеродромите во Република Северна Македонија врз основа на член 12 од Законот за воздухопловство – изработка на анализа и месечни пресметки за 2 %,како и извештај за финансиско усогласување бр.05-721/1 од 27.07.2021 година, Инспекциски економски надзор на финансиски извештаи од ТАВ Македонија број 05 –828/1 од 26.08.2021 година за втор квартал и изработка на Извештај за економски надзор број 05 – 828/2 од 10.09.2021 година,
- Инспекциски економски надзор на финансиски извештаи по добиени материјали од ТАВ Македонија број 05 – 1178/1 од 03.12.2021 година за трет квартал и изработка на Извештај за економски надзор број 05 – 1178/2 од 23.12.2021 година,
- Инспекциски економски надзор на економската стабилност на ТАВ Македонија во постапка за продолжување на Уверение за исполнување на условите за безбедно користење на аеродромите и изработка на Извештај УП. број 12 –365/2021 од 19.08.2021 година,
- Извештај по извршен втор редовен инспекциски надзор врз економското работење на ТАВ Македонија ДООЕЛ бр.05-982/3 од 15.12.2021 година
- Надзор и анализа на Оперативниот буџет на ТАВ Македонија за 2022 година број 05 –1181/1 од 16.12.2021 година,
- Надзор и анализа на доставени информации во постапката на економски надзор, број 05 – 708/1 од 23.07.2021 година, добиени од М – НАВ АД Скопје,
- Прв редовен Инспекциски економски надзор над АД М – НАВ АД Скопје за 2021 година и изработка на Записник број 05 – 560/3 од 07.06.2021 година, согласно известување број 05-560/1 од 04.11.2021 година,
- Економски надзор по добиен Годишен извештај за работа и финансиски извештаи на АД М – НАВ за 2020 година, број 02 – 605/2 од 06.05.2021 година и донесено извештај – мислење број 03 – 450/1 од 10.05.2021 година за истиот,
- Економски надзор по добиен Годишен финансиски план за 2022 година и Програма за давање на услуги на воздухопловна навигација за 2022 година на АД М – НАВ, број 02 – 1465/1 од 23.11.2021 година и донесен извештај – мислење број 05 – 1115/2 од 05.12.2021 година за истиот,
- Економски надзор и анализа на добиени ревидирани финансиски извештаи за деловната година која завршува на 31.12.2020 година, на АД М – НАВ,
- Втор редовен економски надзор за 2021 година согласно известување број 05-960/1 од 04.10.2021 година и Извештај за извршен економски надзор со број 05-961/3 од 15.11.2021 година.

Во Одделението за економски надзор, план и развој во текот на 2021 година извршени се и следниве активности:

- изработени и доставени редовни месечни извештаи, како и годишни извештаи за 2020, за бројот на летови, патници и карго од аеродромите во РСМ, до одделот за статистика на ICAO/ACI;
- реализација на пресметка на делот од АЦВ за вкупно фактурирани и префрлени средства од надоместоци од прелети од CRCO за секој месец од 2021 година и доставување на Извештаи до одделението за сметководствени работи;
- реализација на прибирање на документи од CRCO – EUROCONTROL ETNA Security Web Site и нивна обработка, проучување и анализа;
- реализирано учество на работилница – курс на EASA за "NAA MANAGEMENT SYSTEM IMPLEMENTATION BEST PRACTICES AND TOOLS 2" во мај 2021 година;
- реализирано учество на две сесии на Проширениот комитет за надоместоци од прелети (јуни и ноември 2021 година) во Еуроцонтрол-CRCO, заради следење на реализацијата на пресметковната единица за 2021 година како и изработка на табелите на CRCO со предлог пресметковна единица за 2022 година.

### *7.3. Одделение за јавни набавки*

Годината што измина како што е познато се разликуваше од сите досегашни во начинот на функционирање на работата и развојот на Агенцијата за цивилно воздухопловство од нејзиното постоење.

Новонастанатата состојба со тековната глобална пандемија на корона вирусот (Coronavirus COVID – 19) именуван уште и како тежок акутен респираторен синдром – Коронавирус 2 (САРС – КоВ – 2) – Severe acute respiratory syndrome Coronavirus 2 (SARS – CoV – 2) и неговото проширување што го зафати целиот Европски регион па и пошироко, имаше катастрофален удар и врз воздушниот сообраќај и воздухопловството во целина како и врз авиоиндустријата. Како резултат на здравствената криза предизвикана од пандемијата, државите во светот, а со тоа и Северна Македонија, дополнително се соочија ѝ со економска криза. Оваа криза беше проследена со стагнација на економскиот раст, пад на бруто домашниот производ, намалување на приходите во буџетот, а зголемување на расходите, пораст на цените, стагнирање на платите и сл., што доведе до потреба да се преземат одредени мерки на штедење. Во таа насока тоа се одрази и врз работењето на Агенцијата за цивилно воздухопловство која мораше да се бори за одржување на финансиската стабилност во ново настанатите услови, со цел намалување на негативните последици и влијанија врз остварување на целите и предметот на нејзиното функционирање. Намалувањата на приходите се согласно негативните ефекти од тековната глобална пандемија на корона вирусот (Coronavirus COVID – 19) односно неговото проширување и економските последици, кои започнувајќи од март 2020 година доведоа до пад на нивото на воздушниот сообраќај, што е потврдено со податоците и прогнозата за нивото на сообраќајот од меѓународните институции од областа на воздухопловството. Поради катастрофалната ситуација во воздухопловството, најголемите приходи, оние што следуваат како надоместок од услуги во навигацијата беа намалени, а во соработка со EUROCONTROL – Брисел беа утврдени нови приходи согласно постапката на утврдување на единечната цена на прелети. Тоа ја наметна потребата од неопходно преземање на итни и координирани мерки и активности за да се спречи уште поголема економска катастрофа во работењето на Агенцијата. Па затоа за таа цел беа преземени низа на итни корективни мерки на штедење, меѓу кои и рестрикција на Планот за јавни набавки. Тоа доведе до стопирање или поништување на поголем број на започнати постапки. Притоа, од Планот за јавни набавки за 2021 година не се реализираа осум постапки за јавни

набавки заради настанати непредвидени околности. Од овие погоре изнесени причини планираните јавни набавки кои беа предвидени во Планот за јавни набавки за 2021 година не беа реализирани, дел беа стопирани, а и дел беа поништени.

Одделението за јавни набавки, кое согласно Правилникот за внатрешна организација на Агенцијата за цивилно воздухопловство е систематизирано во рамките на Секторот за финансиски работи, го спроведуваше процесот на планирањето и реализирањето на јавните набавки неопходни за тековно функционирање на Агенцијата за цивилно воздухопловство, што се остваруваше согласно Законот за јавни набавки кој беше објавен во Службен весник на Република Македонија број: 24/2019, како и Законот за изменување и дополнување на Законот за јавни набавки објавен во Службен весник на Република Северна Македонија број: 87/2021, интерните процедури за јавни набавки на Агенцијата и Планот за јавни набавки за тековната 2021 година.

Спроведувањето на процесот на јавни набавки во Агенцијата за цивилно воздухопловство се вршеше согласно основните принципи на јавните набавки: транспарентност, конкурентност, еднаков третман на економските оператори, недискриминација, законитост, економичност, ефикасност, ефективност и со рационално користење на финансиските средства, со настојување да се добие најдобрата понуда под најповолни услови, како и отчетност за потрошените средства при јавните набавки.

Одделението за јавни набавки во изминатата година ги согледа и сублимира предлозите добиени од Секторите, за нивните реални потреби од набавки на различни видови на стоки, услуги и работи, а кои беа неопходни да се набават за функционирање на секторите и службите во Агенцијата. Врз основа на оваа анализа, Одделението за јавни набавки учествуваше во изработка на Предлог планот за јавни набавки за 2021 година кој беше одобрен од страна на Директорот на Агенцијата, а потоа и донесен од страна на Директорот на Агенцијата како План за јавни набавки за 2021 година. Притоа, реализирањето на постапките за јавни набавки за поединечните предмети за јавна набавка се вршеше согласно Годишниот план за јавни набавки за 2021 година, Законот за јавни набавки и интерните процедури за јавни набавки.

Одделението согласно законските одредби водеше евиденција на договорите за јавни набавки, на постапките со: набавка од мала вредност, поедноставената отворена постапка, отворената постапка, постапка со преговарање без објавување оглас и посебни услуги и доставуваше примерок од евиденцијатата на Електронскиот систем за јавни набавки – ЕСЈН за договорите за јавни набавки кој беа склучени во 2021 година во електронска форма.

Одделението за јавни набавки во зависност од потребите, а по претходен договор со Директорот и раководителот на Секторот, се консултираше и побара мислења од Бирото за јавни набавки, а заради доследна примена на законските одредби на јавните набавки. За таа цел, Одделението за јавни набавки ја изготвуваше потребната документација од неговиот делокруг на работа за реализирање на јавните набавки во согласност со ЗЈН, а во договор со Директорот, раководителот на Секторот и Комисиите за јавни набавки. Одделението за јавни набавки, вршеше комплетирање на досиеата за јавните набавки согласно условите од ЗЈН.

Во изминатиот период (од 01.01.2021 до 31.12.2021 година) беа отпочнати спроведени и успешно реализирани вкупно четири јавни набавки согласно Планот за јавни набавки за 2021 година, со постапки утврдени согласно Законот за јавни набавки и сите четири јавни набавки се однесуваа на договори за јавни набавки на услуги. Во таа насока беа склучени договори за јавни набавки со економските оператори за нивна реализација.

Исто така се реализирааа и беа спроведени оптимален број (околу 31) на мали ситни набавки (до 1.000 € согласно одредбите од законот за јавни набавки заклучно со 31.12.2021 година) и истите беа евидентирани во кварталната евиденција за набавки под вредносните прагови на Електронскиот систем за јавни набавки – ЕСЈН и истите се вршеа согласно основните

принципи на јавните набавки: транспарентност, конкурентност, еднаков третман на економските оператори, недискриминација, законитост, економичност, ефикасност, ефективност и со рационално користење на финансиските средства, со настојување да се добие најдобрата понуда под најповолни услови, како и отчетност за потрошените средства за овие набавки.

Согласно Решението за формирање на работна група и Правилникот за формата, содржината и начинот на изготвување на годишниот План за јавни набавки објавен во Службен весник на Република Македонија број: 64/2019, се започна постапката за изготвување на Предлог план за јавни набавки за 2022 година. Врз основа на ова Решение се изработи Предлог план за јавни набавки за 2022 година и истиот со Допис во вид на Извештај се достави до Директорот на Агенцијата за одобрување кој истиот ѝ го одобри. Врз основа на изработениот Предлог план за јавни набавки за 2022 година Директорот донесе Годишен план за јавни набавки за 2022 година и истиот со допис се достави до Управниот одбор на Агенцијата за цивилно воздухопловство. Одделението за јавни набавки на Електронскиот систем за јавни набавки – ЕСЈН го внесе Годишен план за јавни набавки за 2022.

Одделението за јавни набавки во изминатиот период во целост ги извршуваше работните задачи согласно потребите на Агенцијата и важечките законски прописи и излегуваше во пресерет на сите работни обврски зададени од Секторите и одделенијата. Дополнително, активно учествуваше и во изработката на Планот за работа и развој на Агенцијата за цивилно воздухопловство за 2022 година.